# ИМААТ ЛИ РОМИТЕ ПОДОБРО ОБРАЗОВАНИЕ ДЕНЕС?



## ИЗВЕШТАЈ ОД ИСПИТУВАЊЕ НА ЈАВНО МИСЛЕЊЕ КАЈ РОМИТЕ


FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

**Издавач:**
Фондација Отворено општество-Македонија

**За издавачот:**
Владимир Милчин

**Автори:**
Емилија Симоска
Петар Атанасов
Калина Лечевска
Бојана Наумовска

**Лектор:**
Елка Јачева Улчар

**Дизајн и техничка обработка:**
Бригада дизајн

**CIP** - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

37.014(=214.58:497.7):316.653(047)

**ИМААТ ли Ромите подобро образование денес?** [Електронски извор] :
извеш од испитување на јавно мислење кај Ромите / [автори Емилија Симоска ... и др.].
- Текст, граф. прикази. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2015

Начин на пристап (URL): **http://www.fosm.mk**. - Наслов преземен од екранот.
- Опис на изворот на ден 20.02.2015. - Автори: Емилија Симоска, Петар Атанасов,
Калина Лечевска, Бојана Наумовска

**ISBN 978-608-218-220-9**

1. Симоска, Емилија [автор]
а) Роми во Македонија - Образование - Јавно мислење - Извештаи

COBISS.MK-ID 98050826

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

# ИМААТ ЛИ РОМИТЕ ПОДОБРО ОБРАЗОВАНИЕ ДЕНЕС?

ИЗВЕШТАЈ ОД ИСПИТУВАЊЕ
НА ЈАВНО МИСЛЕЊЕ КАЈ РОМИТЕ

# СОДРЖИНА:


ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 3

РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ 4

СТАВОВИ ЗА ВЛАДИНИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА РОМИТЕ 4

ЖИВОТОТ НА РОМИТЕ ВО СПОРЕДБА ОД ПРЕД ЕДНА ДЕЦЕНИЈА 6

СОСТОЈБАТА НА РОМИТЕ СО ОБРАЗОВАНИЕТО 7

ПРЕЧКИ И ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА РОМИТЕ 16

СТАВОВИ ЗА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ ВО ШУТО ОРИЗАРИ 30

СТАВОВИ ЗА СПЕЦИЈАЛНИТЕ УЧИЛИШТА 33

ЛИЧНИ ИСКУСТВА НА ИСПИТАНИЦИТЕ 36

ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНИТЕ ФОКУС-ГРУПИ 40

## ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Овој документ е извештај од спроведеното теренско истражување за испитување на јавното мислење на Ромите, изготвен во рамките на концептот за „Интеграција на Ромите“ од страна на Фондацијата Отворено општество - Македонија.

**Истражувањето имаше цел:**

1. да ги испита мислењето и ставовите на Ромите за запознатоста и степенот на спроведување на националните стратешки документи за Ромите;

2. да го провери нивното мислење за состојбата со образованието денес, споредено со она од пред 9 години, пред започнувањето на Декадата на Ромите;

3. да ги идентификува најголемите пречки и нивното влијание врз напредокот на Ромите во образованието; и

4. да ги испита ставовите на Ромите околу средното училиште во Шуто Оризари, како и состојбата со вклученоста на Ромите во специјалните училишта.

Истражувањето, базирано врз анкетно истражување и фокус-групи, се спроведе во периодот октомври/ноември 2014 година. Истражувачките резултати им се наменети на сите засегнати страни - на креаторите на политики, на политичките претставници, на активистите од невладините организации, на образовните институции, на наставниците, родителите, на ромската заедница, но и на целата македонска јавност. Веруваме дека овие наоди можат да дадат значаен придонес во креирањето на идните образовни политики, како и на сите идни напори за интеграција на Ромите во македонското општество.

## РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Анкетата беше реализирана на примерок од 600 испитаника во општините: Шуто Оризари, Ѓорче Петров, Битола, Прилеп, Куманово и Кичево. Анкетата беше направена со директно интервјуирање на испитаниците.

**Примерокот за анкетата ја имаше следнава структура:**

**Пол**

| | |
|---|---|
| Машки | 53% |
| Женски | 47% |

**Образование**

| | |
|---|---|
| Незавршено основно училиште | 33% |
| Завршено основно училиште | 40% |
| Завршено средно училиште | 25% |
| Завршен факултет | 3% |

**Возраст**

| | |
|---|---|
| 18 - 25 год. | 21% |
| 26 - 30 год. | 21% |
| 31 - 40 год. | 22% |
| 41 - 50 год. | 20% |
| Над 50 год. | 15% |

**Работен статус**

| | |
|---|---|
| Невработен | 52% |
| Вработен во приватна фирма | 19% |
| Вработен во државна институција | 8% |
| Вработен приватно, но не е пријавен | 18% |
| Ученик или студент | 3% |

**Општина**

| | |
|---|---|
| Шуто Оризари | 41% |
| Ѓорче Петров | 16% |
| Куманово | 9% |
| Прилеп | 12% |
| Битола | 14% |
| Куманово | 7% |

## СТАВОВИ ЗА ВЛАДИНИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА РОМИТЕ

Владата во изминатиов период има изработено повеќе документи (стратегии, програми и сл.) за унапредување на положбата на Ромите. Меѓутоа, содржината на овие материјали, според спроведеното истражување, им е позната само на 15% од испитаниците, 35 % слушнале дека вакви документи постојат, но не се запознати со нивната содржина и најголемиот број - 50%, воопшто, не слушнале за нив.




Од аспект на полот на испитуваната популација нема значајни разлики, но како што може да се очекува, образованието игра своја улога. Имено, над половина од пообразованите испитаници (53% со завршено средно образование и 53% со завршен факултет) изјавиле дека се запознати со содржината на Владините документи, за разлика од оние со пониско образование кај кои вакви информации имаат само 20% со незавршено основно образование и 35% со завршено основно образование. Консеквентно на тоа и највисокото отстапување се појавува кај категоријата испитаници со незавршено основно училиште, од коишто дури 64% изјавиле дека не слушнале за никакви документи од овој вид.

Гледано според возраста, најмладата група во истражувањето (18 - 25 години) се најмалку запознати со Владините документи (62%, воопшто, не слушнале за нив), додека кај популацијата од 30 - -50 години се појавува над третина испитаници кои изјавиле дека се запознати со содржината на документите.

Што се однесува до работниот статус на испитаниците, се покажува дека околу две третини од вработените во администрацијата се запознати со Владините документи. Меѓутоа, интересно е што кај оние кои се најмногу најзасегнати - невработените се појавуваат со над две третини кои, воопшто, не слушнале дека постојат

вакви документи, а истиов одговор го дале и над половина ученици или студенти, иако би се очекувало последнава категорија да биде поинформирана.

Во однос на тоа дали им се познати Владините мерки, најголеми разлики се појавуваат од аспект на местото на живеење, што се гледа од следнава табела:

**Дали слушнале за Владините мерки за подобрување на положбата на Ромите, според општината на живеење:**

| | Шуто Оризари | Ѓорче Петров | Куманово | Прилеп | Битола | Кичево |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 37% | 46% | 35% | 33% | 13% | 49% |
| Не | 57% | 36% | 29% | 40% | 70% | 42% |
| Да, но не им е позната содржината | 6% | 18% | 36% | 27% | 17% | 9% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

На прашањето дали овие документи навистина ги познаваат проблемите на Ромите, 21% од испитаниците дале позитивен одговор, а 10% негативен, додека останатите не можат да проценат или не им се познати документите.




Поради малиот број добиени одговори за квалитетот на Владините програми и мерки, можат да се разгледуваат само ставовите на оние што изјавиле дека им е позната содржината на документите. Бидејќи се работи за само една третина од популацијата, најдобро е да се прикажат резултатите од аспект на категоријата која е најмногу задоволна од документите, односно, од аспект на испитаниците што сметаат дека Владините програми и мерки ги познаваат проблемите на Ромите. Тоа се испитаниците со завршено средно образование (37%) и завршен факултет (28%), потоа над половина испитаници кои се вработени во администрацијата, а од аспект на местото на живеење - оние од Куманово - 36% или од Кичево - 33%. Консеквентно, најнезадоволни се: најмладите, невработените, необразованите испитаници и оние што живеат во Битола.

Во однос на тоа дали Владините документи се спроведени и во која мера, повторно, над половина испитаници - 59% не знаат или не можат да проценат. Само 3% од испитаниците сметаат дека документите се спроведени во целост, 10% дека се во голема мера спроведени, 21% дека се спроведени во мала мера и 7% дека, воопшто, не се спроведени.




Во однос на ова прашање, не се појавуваат статистички значајни разлики од аспект на полот, возраста или образованието. Меѓутоа, работниот статус на испитаниците има одредено влијание, како што покажува следнава табела:

**Во колкава мера се спроведени владините документи, според работниот статус:**

| | Невработен | Приватна фирма | Државна фирма | Непријавен работник | Ученик, студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| Во целост | 1% | 5% | 12% | 3% | 0% |
| Во голема мера | 6% | 14% | 18% | 10% | 25% |
| Во мала мера | 19% | 29% | 29% | 13% | 25% |
| Воопшто не се спроведени | 7% | 8% | 10% | 6% | 5% |
| Не знаат | 66% | 44% | 31% | 68% | 45% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Што се однесува до местото на живеење, најмногу позитивни одговори во однос на спроведеноста на мерките и стратегиите има во Куманово, а најмалку во Кичево.

## ЖИВОТОТ НА РОМИТЕ ВО СПОРЕДБА ОД ПРЕД ЕДНА ДЕЦЕНИЈА

На прашањето дали Ромите денес подобро живеат во однос на периодот пред 9 години, одговорите на испитаниците се поделени: најголемиот дел - 52% одговориле потврдно, 34% - негативно, а 13% не можат да проценат.




Од аспект на полот и возраста на испитаниците не се појавуваат значајни разлики. Меѓутоа, гледано од аспект на образованието се забележува дека кај испитаниците со понизок степен на образование задоволството е помало и се движи околу 46-49%, за разлика од оние со завршено средно или високо образование кај кои одговорите дека Ромите денес живеат подобро - надминуваат 60%.

Најголем процент позитивни одговори - 80%, сепак, се забележуваат кај испитаниците кои се вработени во државната администрација. Потоа следуваат 70% вакви одговори кај студентите. Нешто помалку често, но сепак околу 50% позитивни одговори има кај невработените и вработените во приватните фирми.




Прилично големи разлики се појавуваат во однос на ова прашање, во зависност од местото на живеење на испитаниците, што се гледа од следнава табела:

**Дали Ромите подобро живеат денес од пред 9 години, според општина:**

| | Шуто Оризари | Ѓорче Петров | Куманово | Прилеп | Битола | Кичево |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 50% | 47% | 36% | 84% | 46% | 53% |
| Не | 39% | 42% | 35% | 5% | 32% | 47% |
| Не знаат | 11% | 11% | 29% | 11% | 22% | 0% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

На што се должи ова подобрување, според испитаниците е следното прашање во истражувањето. Според одговорите, се појавуваат 20% за кои тоа се должи на средствата што Владата ги одвојува за проекти за Ромите, 13% сметаат дека тоа е успех на проектите реализирани од ромски невладини организации, 4% ги издвоиле другите невладини организации, 6% се определиле за помошта од странски организации, 8% сметаат дека се работи за успех на ромските политичари, 10% наведуваат други фактори, а според останатите 38% - Ромите не живеат подобро.




Од аспект на полот нема никакви разлики, а гледано според образованието нема повеќе од 5% разлика меѓу одделните групи, што не е релевантно. Меѓутоа, ако се погледнат податоците од аспект на вработеноста на испитаниците можат да се уочат извесни (не преголеми), но очекувани разлики.

**На што се должи подобрувањето во изминативе 9 години, според работен статус:**

| | Невработен | Приватна фирма | Државна фирма | Вработен, но непријавен | Ученик, студент |
|---|---|---|---|---|---|
| Средства на Владата | 20% | 14% | 37% | 17% | 30% |
| Ромски НВО | 15% | 13% | 6% | 11% | 15% |
| Други НВО | 2% | 8% | 6% | 5% | 0% |
| Странски донации | 6% | 7% | 4% | 5% | 5% |
| Ромски политичари | 7% | 6% | 22% | 8% | 5% |
| Друго | 9% | 13% | 6% | 12% | 15% |
| Не живеат подобро | 40% | 38% | 18% | 43% | 30% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Во однос на местото на живеење, најзадоволни од средствата што ги одвојува Владата се испитаниците од Ѓорче Петров (25%), од Прилеп (29%) и од Битола - дури 31%. Од ромските невладини организации, најзадоволни се во Прилеп - 37% (наспроти Шуто Оризари, Ѓорче Петров или Битола - каде што ромските невладини организации се споменуваат под 10%). Странските донации се најценети во Куманово 13%, додека во Кичево најмногу се споменуваат успесите на ромските политичари ( 20%).

## СОСТОЈБАТА НА РОМИТЕ СО ОБРАЗОВАНИЕТО

На прашањето за тоа дали образованието на Ромите е подобрено од пред една деценија се добиени голем број позитивни одговори. Имено, дури 71% од испитаниците се изјасниле позитивно, 15% негативно, а 14% не можат да проценат.




Ваквите позитивни ставови се многу поизразени кај испитаниците со завршено средно и високо образование, каде што бројката надминува 80%.

Возраста на анкетираните според изјавите не игра голема улога, а разликите меѓу старосните групи се минимални, но работниот статус на испитаниците покажува одредено влијание врз ставовите.

**Дали образованието на Ромите е подобрено од пред 9 години, според работниот статус:**

| | Невработен | Приватна фирма | Државна фирма | Вработен но непријавен | Ученик, студент |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | 71% | 68% | 86% | 63% | 95% |
| Не | 13% | 12% | 10% | 25% | 0% |
| Не можат да проценат | 16% | 20% | 4% | 12% | 5% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Гледано според местото на живеење, најзадоволни со образовните промени се испитаниците од Ѓорче Петров - 88%, потоа од Шуто Оризари - 78% и Прилеп - 76%. Најмалку позитивни одговори има во Куманово - 49%, и во Битола и Кичево по 51%.

Во однос на факторите на кои се должи ова подобрување, испитаниците најчесто ги спомнуваат средствата што ги одвојува Владата за Ромите - 31%, а потоа проектите реализирани од ромски невладини организации (17%). За 6% од испитаниците подобрувањето е заслуга на други невладини организации, 10% ги наведуваат донациите од странски организации, 7% - работата на ромските политичари, други фактори се наброени од 6%, а за 23% од испитаниците - нема подобрување во однос на образованието на Ромите.




Во однос на образованието на испитаниците може да се каже дека одговорите кај сите групи се движат околу просекот. (Единствена бројка што отскокнува се забележува кај високообразованата популација која со 22% смета дека подобрувањето на ромското образование се должи на работата на други невладини организации, додека ваквиот одговор кај сите други групи не надминува 5%).

Над една третина од помладите испитаници веруваат дека ромското образование е успешно поради средствата што ги одвојува Владата, додека кај постарите ваквите одговори не надминуваат една четвртина. Постарите испитаници, за околу 10% повеќе од помладите, изјавиле дека подобрувањето на образованието е резултат на работата на ромските невладини организации.

Од аспект на работниот статус на испитаниците, поголеми разлики се појавуваат единствено во ставот дека Владата е најзаслужна за подобрувањето на образованието, кој во највисок број (51%) се појавува кај вработените во државните институции и кај 40% ученици и студенти, за разлика од невработените или приватно ангажираните, но непријавени работници, кај кои Владата се спомнува со 31%, односно 27%.

И во однос на ова прашање, најмногу разлики се појавуваат во однос на општините во кои живеат испитаниците, што е прикажано на следнава табела:

**На што се должи подобрувањето на образованието на Ромите, според општина:**

| | Шуто Оризари | Ѓорче Петров | Куманово | Прилеп | Битола | Кичево |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Средства од Владата | 27% | 50% | 24% | 45% | 28% | 7% |
| Ромски НВО | 19% | 10% | 22% | 25% | 14% | 2% |
| Други НВО | 6% | 3% | 13% | 1% | 1% | 22% |
| Странски донации | 13% | 11% | 9% | 8% | 6% | 9% |
| Ромски политичари | 10% | 9% | 4% | 3% | 2% | 11% |
| Друго | 9% | 13% | 0% | 3% | 0% | 0% |
| Нема подобрување | 17% | 5% | 29% | 15% | 48% | 49% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Во истражувањето беше дадена можност за изјаснување и на оние што сметаат дека образованието на Ромите не се подобрило во изминатава деценија и да ги наведат факторите кои најмногу влијаеле врз тоа. Меѓутоа, резултатите покажаа дека категоријата која смета дека состојбата во образованието е полоша е помалобројна. Доминираат оние што се изјасниле дека состојбата не се влошила - 75%. Од останатата четвртина испитаници одговорите се распределени во мали проценти: 10% сметаат дека тоа се должи на недоволните средства што ги одвојува Владата за проекти за Ромите, 2% го врзуваат тоа за недоволните средства со кои располагаат ромските невладини организации, 4% сметаат дека средствата на ромските невладини организации се доволни, но проектите не се добри, по 2% имаат одговори дека документите ги правеле претставници кои не ги познаваат доволно проблемите на Ромите, односно дека документите, воопшто, не се спроведуваат и 4% дека ромските политичари не работат добро, додека останатите 2% дале други одговори.







Заради малата бројка на испитаници кои сметаат дека образованието не се подобрило, вкрстените податоци не се особено релевантни, бидејќи одговорите се разбиени во мали проценти. Сепак, макар за илустрација, може да се спомене дека кога станува збор за испитаниците со незавршено основно и завршено основно образование, тие со околу 10% ја посочуваат Владата како виновник за лошото образование, додека оние со високо образование повеќе го споменуваат лошото работење на ромските политичари - околу 5%.

Во однос на возраста и вработеноста нема отстапувања поголеми од неколку проценти.

Што се однесува до местото на живеење, во Битола и Кичево посочувањето на недоволните средства кои ги одвојува Владата е поизразено (19%, односно 16%), додека испитаниците во Куманово повеќе се жалат на недоволните средства на невладините организации. Во Кичево, пак, најмногу се споменува лошата работа на ромските политичари со 13%, додека сите други одговори не надминуваат неколку проценти и не се релевантни.

Во продолжение следуваат неколку ставови во врска со статусот на Ромите за кои испитаниците го искажаа својот степен на согласност. Со ставот **„Бројот на неписмени Роми се намали“** од вкупниот број на испитаници се согласуваат 56%, делумно се согласуваат 24%, додека, пак, не се согласуваат 12% .

Најголемите разлики во однос на независните варијабли се забележуваат во однос на степенот на образованието кај испитаниците, нивниот статус вработен/ невработен/ студент и општината во која живеат. Па така, со овој став најмногу се согласуваат испитаниците со завршено средно образование (72%), потоа испитаниците со завршено високо образование (61%) и испитаниците со завршено основно образование (60%), а степенот на согласност е најмал кај испитаниците со незавршено основно образование (38%). Во однос на второспомнатата независна варијабла, највисок е степенот на согласност кај учениците/ студентите (90%) и вработените во државниот сектор (67%), а најнизок кај невработените (54%) и кај работниците што не се пријавени (51%)

**„Бројот на неписмени Роми се намали“, според вработеност:**

| | ВРАБОТЕНОСТ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Невработен | Вработен во приватна фирма | Вработен во државна фирма | Не е пријавен, но работи (чистач, мајстор...) | Ученик или студент |
| Се согласувам | 54% | 55% | 67% | 51% | 90% |
| Делумно се согласувам | 24% | 30% | 20% | 22% | 10% |
| Не се согласувам | 14% | 8% | 8% | 16% | |
| Не знам | 9% | 8% | 4% | 10% | |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Најголеми разлики постојат кога податоците се анализираат врз основа на општината во која живеат испитаниците (графикон). Со ставот „бројот на неписмени Роми се намали“ се согласуваат: 87% од испитаниците од Општина Ѓорче Петров, 65% од Општина Шуто Оризари, а потоа следуваат Општина Кичево со 47%, Општина Битола со 40%, Општина Прилеп со 33% и Општина Куманово од која само 24%.

**Бројот на неписмени Роми се намали**




Друг став за кој испитаниците ја искажаа својата согласност е **„Бројот на ромските деца што одат во градинка се зголеми“**. Со овој став изразија согласност 34% од испитаниците, 18% делумно се согласуваат, а не се согласуваат 32%.




Највисок степен на согласност постои кај испитаниците со завршен факултет и со завршено средно образование (56% односно 49%), за разлика од испитаниците со незавршено и завршено основно образование (29% и 28%). Големи разлики во одговорите се забележуваат и во однос на независната варијабла вработеност, што може да се види и од следната табела.

**„Бројот на ромските деца што одат во градинка се зголеми“, според работен статус:**

| | ВРАБОТЕНОСТ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Невработен | Вработен во приватна фирма | Вработен во државна фирма | Не е пријавен, но работи (чистач, мајстор...) | Ученик или студент |
| Се согласувам | 36% | 32% | 53% | 22% | 40% |
| Делумно се согласувам | 16% | 25% | 8% | 17% | 25% |
| Не се согласувам | 30% | 31% | 31% | 40% | 30% |
| Не знам | 18% | 12% | 8% | 21% | 5% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Во Република Македонија кога се во прашање градинките, постои генерален проблем во однос на нивниот капацитет и можности да ги опфатат сите деца од предучилишна возраст. Но, секако, состојбите се разликуваат од општина во општина, а најмногу како резултат од капацитетот на локалната самоуправа и нивната финансиска подготвеност за решавање на овој проблем. Како резултат на изнесеното, најголема согласност за тоа дека опфатот на деца во градинките се зголемил има кај испитаниците од Општина Шуто Оризари (69%), а со ова не се согласуваат испитаниците од: Прилеп (79%), Кичево (69%) и Ѓорче Петров (53%)







Со помош на  податоците кои следуваат ќе биде презентиран степенот на согласност на испитаниците со ставот **„Бројот на ромски деца со завршено основно образование се зголеми“**. Како што може да се види од табелата повеќе од 80% од испитаниците целосно или делумно се согласуваат со овој став.

**Бројот на ромски деца со завршено основно образование се зголеми**

| Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Не знам |
|---|---|---|---|
| 66% | 18% | 8% | 9% |

Иако општата дистрибуција ни покажува дека постои генерална согласност на испитаниците со овој став, сепак, постојат разлики кога податоците се интерпретираат од аспект на степенот на завршено образование и општината во која живеат. Повеќе од 80% од испитаниците со завршен факултет и завршено средно образование се согласуваат со ставот дека бројот на ромски деца со зарвшено основно образование се зголемил. Кај испитаниците со завршено основно образование овој процент изнесува 68, а очекувано е најнизок кај испитаниците кои немаат завршено основно образование и изнесува 49 %

Кога податоците се анализираат од аспект на местото на живеење се добива различна слика за секоја општина. Додека во Општина Ѓорче Петров и Шуто Оризари висок процент од испитаници се согласуваат со овој став (93% и 80%), во Општина Куманово само 24% од испитаниците го дале истиот одговор.

**„Бројот на ромски деца со завршено основно образование се зголеми“, според општина**

| | Општина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Шуто Оризари | Ѓорче Петров | Куманово | Прилеп | Битола | Кичево |
| Се согласувам | 80% | 93% | 24% | 47% | 42% | 56% |
| Делумно се согласувам | 12% | 6% | 49% | 17% | 20% | 29% |
| Не се согласувам | 1% | | 20% | 20% | 18% | 13% |
| Не знам | 7% | 1% | 7% | 16% | 20% | 2% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Следствено, покрај прашањата (ставовите) поврзани со вклученоста на ромските деца во градинките и основите училишта, испитаниците беа прашани за степенот на нивната согласност поврзана со тврдењето **„Бројот на ромски деца со завршено средно училиште се зголеми“**. Во толкувањето на податоците треба да се земе предвид фактот дека од неодамна средното образование

влегува во групата на задолжително образование (покрај основното) и доколку тоа не се посетува се предвидени казнени мерки за родителите.

Според одговорите на ова прашање 57% од респондентите се согласуваат со ова тврдење, 18% делумно се согласуваат, а 15% и 10% не се согласуваат, односно не знаеле да одговорат на него.

Од високообразованите испитаници - 78%,  како и 78% од испитаниците со завршено средно образование се согласуваат со овој став, додека процентот на согласност е најнизок кај испитаниците со неоформено образование и изнесува 39%.

**„Бројот на ромски деца со завршено средно училиште се зголеми“, според образованието на испитаниците**




Во однос на варијаблата вработеност, најголемо отстапување од општата дистрибуција на одговори има кај испитаниците кои се ученици/студенти од кои високи 95% одговориле дека се согласуваат со овој став. Вработените во државните и во приватните фирми со 69% и 60% сметаат дека бројот на Роми со завршено средно образование се зголемил, а процентот е значително помал кај невработените и кај испитаниците кои работат, но не се пријавени (53% и 51%).

Како и кај сите досега анализирани ставови трендот на разлики во однос на местото на живеење продолжува. Степенот на согласност е највисок кај жителите од Општина Ѓорче Петров (93%), а најмал кај жителите на Куманово (20%). Големи разлики постојат и кога прашањето се разгледува од аспект на одговорот „не се согласувам“, па така жителите од Општина Прилеп со високи 55% не се согласуваат со ова тврдење, додека овој процент во општините Ѓорче Петров и Шуто Оризари изнесува 1%, односно 5%.

**„Бројот на ромски деца со завршено средно училиште се зголеми“, според општината**




Последниот  став поврзан со степените на образование кај ромската популација се однесува на високото образование, односно гласи **„Бројот на Роми со завршен факултет се зголеми“**. Со овој став се согласуваат 29% од испитаниците, делумно се согласуваат 24%, не се согласуваат 30%, а одговорот „не знам“ го дале 17%

**„Бројот на Роми со завршен факултет се зголеми“**



Кога ова прашање се разгледува од аспект на образованието на испитаниците, може да се заклучи дека трендот е правопропорционален, односно како се зголемува степенот на завршено образование на испитаниците, така расте и процентот на согласност со овој став. Испитаниците со завршено високо образование со 61% се согласуваат со овој став, од испитаниците со средно образование 42% го дале истиот одговор. Од испитаниците со завршено основно образование со ставот се согласуваат 29% и на крајот се испитаниците со неоформено образование од кои само 16% се согласуваат дека има повеќе Роми со завршен факултет.

**„Бројот на Роми со завршен факултет се зголеми“, според образование на испитаниците**




Поголеми отстапувања во однос на општата дистрибуција се забележуваат и во одговорите на учениците/студентите и кај вработените во државните институции кај кои процентите изнесуваат 50%, односно 43% на испитаници кои одговориле со: „се согласувам“.

Кај одговорите на анкетираните по овој став, најголеми разлики се присутни во однос на независната варијабла местото на живеење, што најдобро може да се види од табелата во прилог.

| | Општина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Шуто Оризари | Ѓорче Петров | Куманово | Прилеп | Битола | Кичево |
| Се согласувам | 46% | 34% | 7% | 3% | 9% | 42% |
| Делумно се согласувам | 28% | 29% | 38% | 4% | 16% | 20% |
| Не се согласувам | 15% | 15% | 31% | 81% | 43% | 36% |
| Не знам | 13% | 22% | 24% | 12% | 31% | 2% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Со ставот **„Бројот на факултетски образовани Роми во јавната администрација се зголеми“** се согласуваат најмал број на испитаници, односно 15%, делумно се согласуваат 25%, не се согласуваат 35%, додека одговорот „не знам” го дале 25%

**„Бројот на факултетски образовани Роми во јавната администрација се зголеми“**




Кога податоците од овој став се разгледуваат од аспект на независната варијабла образование се добива една поинаква слика, односно со него најмногу (целосно и делумно) се согласуваат анкетираните со завршено високо образование, потоа следуваат испитаниците со средно и со основно образование, а процентот на согласност е најмал кај испитаниците кои немаат завршено основно образование.

**„Бројот на факултетски образовани Роми во јавната администрација се зголеми“, според образованието на испитаниците**




Вработените испитаници во државните фирми, сосема очекувано, најмногу се согласуваат со ставот дека бројот на Роми со високо образование во јавната администрација се зголемил (со 33%), потоа следуват: учениците/ студентите (со 25%), вработените во приватна фирма (со 20%), непријавените работници (со 13%) и невработените (со 11%).

Како и кај сите досега анализирани ставови, најголема разлика кај испитаниците постои кога нивните одговори се групираат врз основа на местото на живеење.

**„Бројот на факултетски образовани Роми во јавната администрација се зголеми“, според општината**

| | ОПШТИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Шуто Оризари | Ѓорче Петров | Куманово | Прилеп | Битола | Кичево |
| Се согласувам | 25% | 12% | 6% | 8% | 4% | 18% |
| Делумно се согласувам | 30% | 26% | 26% | 12% | 13% | 44% |
| Не се согласувам | 23% | 25% | 44% | 65% | 46% | 36% |
| Не знам | 23% | 37% | 26% | 15% | 38% | 2% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Овие податоци можат да се толкуваат и на поинаков начин, односно дека од една страна најмногу се вклучени во јавната администрација жителите на Шуто Оризари и Кичево, а од друга, најмалку се присутни во неа жителите на Куманово и на Прилеп.

Следниов став се однесува на раните бракови и гласи **„Бројот на рани бракови кај Ромите во последните 9 години се намали“**. Општата дистрибуција на одговорите е прикажана во следнава табела:

| Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Не знам |
|---|---|---|---|
| 39,6% | 29,2% | 21,6% | 9,6% |

Кај овој став, гледано од аспект на полот постојат разлики, односно процентот на согласност е повисок кај машките испитаници

**„Бројот на рани бракови кај Ромите во последните 9 години се намали“, според полот**

| | ПОЛ | |
|---|---|---|
| | Машки | Женски |
| Се согласувам | 41% | 38% |
| Делумно се согласувам | 31% | 27% |
| Не се согласувам | 19% | 25% |
| Не знам | 9% | 11% |
| Вкупно | 100% | 100% |

Образованието претставува фактор кој позитивно влијае во насока на намалувањето на процентот на раните бракови. Од тој аспект се значајни добиените податоци гледани од призмата на степенот на образованието на испитаниците. Процентот на целосна и делумна согласност е повисок кај анкетираните со завршено средно и високо образование, а помал кај испитаниците со завршено и незавршено основно образование.

**„Бројот на рани бракови кај Ромите во последните 9 години се намали“, според образованието на испитаниците**




Иако податоците прикажани во следната табела го прикажуваат степенот на согласност кај испитаниците од различни општини, тие, всушност, ја отсликуваат состојбата со раните бракови во секоја општина поединечно. Врз основа на бројките, може да се види дека најголеми разлики постојат меѓу скопските општини, од една страна, и Општина Прилеп. Од презентираното може да се заклучи дека бројот на раните бракови кај ромската популација најмногу се намалени во општините Шуто Оризари и Ѓорче Петров, состојбата е подобрена и во општините Кичево, Битола и Куманово, а најмногу рани бракови има во Општина Прилеп.

**„Бројот на рани бракови кај Ромите во последните 9 години се намали“, според општина**

| | ОПШТИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Шуто Оризари | Ѓорче Петров | Куманово | Прилеп | Битола | Кичево |
| Се согласувам | 60,1% | 57,9% | 10,9% | 2,7% | 18,8% | 24,4% |
| Делумно се согласувам | 17,7% | 29,5% | 41,8% | 18,7% | 43,5% | 66,7% |
| Не се согласувам | 12,9% | 5,3% | 36,4% | 72,0% | 17,6% | 8,9% |
| Не знам | 9,3% | 7,4% | 10,9% | 6,7% | 20,0% | |
| Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Како последен од низата на ставови со кои се мереше степенот на согласност на испитаниците е следниот: **„Положбата на жената Ромка е подобрена од пред 9 години“**, а со него се согласуваат 41% од анкетираните:

| Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Не знам |
|---|---|---|---|
| 40,8% | 27,7% | 21,4% | 10,1% |

Значајно за овој став е прикажување на податоците од аспект на независната варијабла пол. Од следната табела може да се види дека машките испитаници во поголем процент сметаат дека положбата на женатаРомка е подобрена за разлика од испитаничките.

**„Положбата на жената Ромка е подобрена од пред 9 години“, според полот на испитаниците**

| | ПОЛ | |
|---|---|---|
| | Машки | Женски |
| Се согласувам | 44,4% | 36,7% |
| Делумно се согласувам | 29,1% | 26,1% |
| Не се согласувам | 17,8% | 25,4% |
| Не знам | 8,8% | 11,7% |
| Вкупно | 100,0% | 100,0% |

И врз овој став има влијание образованието на истражуваната популација, односно дека положбата на жената е подобрена сметаат 58% од испитаниците со средно образование, 50% од факултетски образованите, 39% од испитаниците со основно училиште и 29% од испитаниците со незавршено основно образование.

**„Положбата на жената Ромка е подобрена од пред 9 години“, според образованието на испитаниците**



Од аспект на варијаблата вработеност, со овој став најмногу се согласуваат студентите (со 75%), вработените во државните и приватните фирми (со 57%, односно 44%), додека процентот на согласност е најнизок кај невработените и непријавените работници (37%, односно 44%).

Разлики постојат и во поглед на местото на живеење, иако генерално може да се каже дека целосно или делумно се согласуваат со овој став над 60% од испитаниците од сите општини. Исклучок е само Општина Куманово во која кумулативниот процент изнесува 47%.

**„Положбата на жената Ромка е подобрена од пред 9 години“, според општина**




## ПРЕЧКИ И ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА РОМИТЕ

Со помош на следните прашања ова истражување имаше цел да ги детектира најголемите пречки со кои се соочуваат Ромите во образовниот процес во Република Македонија. За таа цел беа наведени 10 можни пречки од кои испитаниците можеа да одберат до 3 одговори. Во следнава табела се прикажани одговорите на испитаниците изразени во проценти. Од десетте наведени пречки, како што може да се види и од самата табела, најмногу се издвојуваат четири. Како најголема пречка во образовниот процес испитаниците сметаат дека е немањето доволно финански можности (овој одговор како прв избор го дале 32%, како втор 29% и како трет 8% од испитаниците). Втора пречка испитаниците сметаат дека е дискриминацијата на Ромите, а овој одговор како свој прв избор го дале 21% (7% како втор одговор и 0,5% како трет одговор). Како трета пречка анкетираните ја предочуваат предрасудата која постои спрема Ромите. Овој одговор како прв избор го дале 21% (а 1% како втор и трет избор). Четврта пречка според одговорите претставуваат раните бракови со 12% од одговорите прикажани во првата колона (за 10% овој одговор е втор избор, а за 2,5% трет).

**Најголеми пречки во образованието на Ромите**

| | Прв избор | Втор избор | Трет избор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Предрасудите спрема Ромите | 21% | 1% | 1% | 23 |
| Дискриминацијата на Ромите | 21% | 7% | 0,5% | 28 |
| Недоволното познавање на македонскиот јазик | 7% | 6% | 1% | 13 |
| Раните бракови | 12% | 10% | 3% | 25 |
| Ромите немаат доволно пари за образование | 32% | 29% | 8% | 69 |
| Ромите се недоволно заинтересирани за образование | 2% | 7% | 5% | 14 |
| Ромските деца не можат редовно да ја посетуваат наставата | 2% | 7% | 5% | 13 |
| Нема настава на ромски јазик | 2% | 2% | 3% | 7 |
| Наставниците сметаат дека Ромите не можат да постигнат колку другите ученици | 1% | 4% | 5% | 10 |
| Наставниците не им помагаат доволно на ромските деца во учењето | 0,5% | 2% | 8% | 10 |
| Вкупно | 100,0% | 74% | 38% | |

Кога податоците прикажани во првата колона се анализираат од аспект на независните варијабли се забележуваат значителни разлики. Ако се земе предвид образованието на испитуваната популација и од таа гледна точка се интерпретираат податоците се забележуваат разликите во одговорите. Според високообразованите Роми, најголеми пречки претставуваат предрасудите спрема Ромите (со 33%) и дискриминацијата на Ромите (со 28%), а потоа следуваат финансиските причини (со 17%) и наставниците како пречка и нивното недоволно внимание спрема ромските ученици (со 11%). Најголеми пречки за испитаниците со средно образование претставуваат: немањето доволно пари за образование (27%), дискриминацијата на Ромите (27%) и предрасудите спрема Ромите (25%). И за испитаниците со основно образование најголемата пречка се финансиите (со 33%), а потоа се дискриминацијата и предрасудите (со 25%, односно со 16%). Ромите немаат пари за образование е најчесто наведувана пречка кај испитаниците без основно образование (со 36%), а потоа следуваат предрасудите и раните бракови (со 23%, односно со 17%).

**Најголеми пречки во образованието на Ромите, според образование на испитаниците**

| | ОБРАЗОВАНИЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Незавршено основно | Завршено основно | Завршено средно | Завршен факултет |
| Предрасудите спрема Ромите | 23% | 16% | 25% | 33% |
| Дискриминацијата на Ромите | 12% | 25% | 27% | 27% |
| Недоволното познавање на македонскиот јазик | 7% | 8% | 4% | 6% |
| Раните бракови | 17% | 10% | 10% | 6% |
| Ромите немаат доволно пари за образование | 36% | 33% | 28% | 17% |
| Ромите се недоволно заинтересирани за образование | 2% | 3% | 2% | |
| Ромските деца не можат редовно да ја посетуваат наставата | 2% | 2% | 2% | |
| Нема настава на ромски јазик | 2 | 1% | 1% | |
| Наставниците сметаат дека ромските ученици не можат да постигнат колку другите ученици | 1% | 2% | 1% | |
| Наставниците не им помагаат доволно на ромските деца во учењето | | 0,4% | | 11% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% |

Како што може да се види од следната табела, за невработените и непријавените работници најголема пречка претставуваат немањето на доволно финански средства, додека за останатите категории најголема пречка за образованието на Ромите претставуваат предрасудите спрема Ромите.

**Најголеми пречки во образованието на Ромите, според работен статус на испитаниците**

| | ВРАБОТЕНОСТ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Невработен | Вработен во приватна фирма | Вработен во државна фирма | Не е пријавен, но работи | Ученик или студент |
| Предрасудите спрема Ромите | 18% | 24% | 35% | 16% | 40% |
| Дискриминацијата на Ромите | 24% | 21% | 22% | 11% | 30% |
| Недоволното познавање на македонскиот јазик | 7% | 5% | 10% | 8% | |
| Раните бракови | 12% | 14% | 4% | 14% | |
| Ромите немаат доволно пари за образование | 33% | 23% | 22% | 45% | 20% |
| Ромите се недоволно заинтересирани за образование | 3% | 4% | 2% | | 5% |
| Ромските деца не можат редовно да ја посетуваат наставата | 1% | 2% | 2% | 5% | |
| Нема настава на ромски јазик | 2% | 1% | | 2% | |
| Наставниците сметаат дека ромските ученици не можат да научат и да постигнат колку другите ученици | 1% | 5% | | | |
| Наставниците не им помагаат доволно на ромските деца во учењето | | 1% | 2% | | 5% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Во однос на местото на живеење, најголема пречка претставува финансискиот статус за испитаниците од општините Битола (53%), Ѓорче Петров (44%) и Шуто Оризари (35%). За жителите на Прилеп најголема пречка претставуваат предрасудите (со 41%), додека жителите на Куманово најголемата пречка ја гледаат во дискриминацијата (24%). Од сите општини најголема концентрација на одговорите има кај испитаниците од Кичево каде што дискриминацијата претставува пречка за 47%, а предрасудите спрема Ромите ги гледаат како пречка 44%.

**Најголеми пречки во образованието на Ромите, според општина**

| | ОПШТИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Шуто Оризари | Ѓорче Петров | Куманово | Прилеп | Битола | Кичево |
| Предрасудите спрема Ромите | 14% | 17% | 18% | 41% | 17% | 44% |
| Дискриминацијата на Ромите | 30% | 6% | 24% | 9% | 6% | 47% |
| Непознавањето на македонскиот јазик | 11% | | 16% | 4% | 2% | |
| Раните бракови | 6% | 23% | 11% | 13% | 21% | 4% |
| Ромите немаат доволно пари за образование | 35% | 44% | 7% | 19% | 53% | 2% |
| Ромите се недоволно заинтересирани за образованието | 2% | 5% | 9% | | | |
| Ромските деца не можат редовно да ја посетуваат наставата | 0,5% | 3% | 7% | 4% | | |
| Нема настава на ромски јазик | 1% | | 6% | 3% | | 2% |
| Наставниците сметаат дека ромските ученици не можат да постигнат колку другите | 0,5% | 1% | | 7% | 1% | |
| Наставниците не им помагаат доволно на ромските деца | 1% | | 2% | | | |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Преку следнава група прашања истражувањето имаше цел да даде слика кои фактори, според испитаниците, имаат влијание врз успехот на учениците Роми. Испитаниците го оценуваа влијанието на секој фактор поединечно со вредности од 1 до 5 (при што 1 значи најмало влијание, а 5 најголемо влијание).

Познавањето на македонскиот јазик претставува првиот фактор кој го вреднуваа испитаниците, односно **колку познавањето на јазикот при поаѓање во училиште има влијание врз успехот на учениците**. Според општата дистрибуција на одговорите овој фактор со вредност 5 (најголемо влијание) го оцениле 49% од испитаниците, а за најмалата вредност 1 (најмало влијание) се одлучиле 7% .




Од аспект на независната варијабла вработеност, факторот познавање на македонскиот јазик најмногу со вредност 5 го оцениле учениците/студентите (80% од испитаниците), а истиот одговор е најмалку присутен кај работниците кои не се пријавени (со 32%).

Најголеми разлики постојат кога податоците се групираат врз основа на општината на живеење на испитаниците. Од графиконот може да се види дека со вредност 5 најмногу го оцениле влијанието на познавањето на македонскиот јазик врз успехот на учениците анкетираните од општините: Ѓорче Петров (со 71%), Прилеп (со 68%) и Шуто Оризари (со 64%), додека за истата вредност се одлучиле 13% од респондентите од Куманово, 12% од Битола и ниту еден испитаник од Општина Кичево.




Овој фактор претставува многу значајна компонента за успехот на учениците и за 90% од учениците/студентите, како и за 74% од вработените во државните фирми, за 66% од невработените, за 57% од вработените во приватниот сектор и за 54% од работниците кои се непријавени.

Од следнава табела може да се види распределбата на одговорите по општини. За жителите на: Шуто Оризари, Прилеп, Ѓорче Петров и Кичево овој фактор е многу значаен, додека како помалку значаен го вреднуваат жителите на Битола (главната распределба на процентите е помеѓу вредностите 3, 4 и 5) и Куманово (главната распределба на процентите е помеѓу вредностите 2, 3 и 4).

**Влијание на редовната посета на наставата, според општина**

| | ОПШТИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Шуто Оризари | Ѓорче Петров | Куманово | Прилеп | Битола | Кичево |
| 1 најмало влијание | 0.5% | 12% | 2% | | | |
| 2 | 1% | | 24% | | 6% | |
| 3 | 7% | 12% | 27% | 8% | 3% | 31% |
| 4 | 13% | 4% | 35% | 17% | 28% | 7% |
| 5 најголемо влијание | 80% | 73% | 13% | 75% | 32% | 62% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

**Редовната посета на училиштето/наставата врз успехот на ромските ученици во образованието**, претставува вториот фактор кој го вреднуваа испитаниците. Од вкупниот број испитаници, 64% се изјаснија за вредноста 5 (најголемо влијание), односно сметаа дека редовноста во наставата има многу големо влијание врз успехот на учениците.




Третиот анализиран фактор кој влијае врз успехот на ромските ученици во образованието, претставува помошта од нивните родителите при совладување на материјата и изработка на домашните задачи. Со вредност 5 овој фактор го вреднуваат 46% од вкупниот број испитаници.

**Влијание на помошта на родителите**




Од аспект на степенот на образование на респондентите, разликите се уочливи, односно, испитаниците со повискок степен на образование овој фактор го вреднуваат со поголема оцена на скалата.

**Влијанието на помошта од родителите, според образование**




Најголеми разлики во однос на независните варијабли при анализа на ова прашање постои кога тие се интерпретираат од аспект на местото на живеење. Така најголемо влијание овој фактор има за жителите на Кичево и на Шуто Оризари (87%, односно 64%), потоа следуваат процентите за вредноста 5 кај испитаниците од Ѓорче Петров и Прилеп (55%, односно 32%), а процентот на одговорот „најголемо влијание“ е најнизок кај жителите на општините Битола и Куманово (7%, односно 2%).

**Влијание на помошта на родителите, според општина**

| | ОПШТИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Шуто Оризари | Ѓорче Петров | Куманово | Прилеп | Битола | Кичево |
| 1 најмало влијание | 4% | 16% | 18% | 5% | 8% | |
| 2 | 3% | 6% | 35% | 7% | 28% | |
| 3 | 15% | 15% | 29% | 31% | 40% | 4% |
| 4 | 15% | 8% | 16% | 25% | 17% | 9% |
| 5 најголемо влијание | 64% | 55% | 2% | 32% | 7% | 87% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

**Во колкава мера вклученоста на родителите Роми во телата на одлучување во училиштата влијае врз успехот на ромските ученици во образованието?** На ова прашање, проценката на половина од испитаниците е дека влијанието е големо. Така, 37% од анкетираните тоа го оцениле со највисока оценка (5), додека 13% го оцениле со 4. Една четвртина од испитаниците (25%) дале просечна оценка (3) на ова прашање, додека 15% ја оцениле со двојка. Awnajмалобројни се оние што сметаат дека вклученоста на родителите во образовниот систем има многу мало влијание со оценка 1 (10%).



Во поглед на полот на испитаниците не се забележува некоја значителна разлика во одговорите што може да се уочи во следнава табела.

**Во колкава мера вклученоста на родителите Роми во телата на одлучување во училиштата влијае врз успехот на ромските ученици во образованието?**

| | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| 1 | 9% | 11% |
| 2 | 16% | 12% |
| 3 | 25% | 26% |
| 4 | 13% | 13% |
| 5 | 37% | 38% |
| Вкупно | 100% | 100% |

Од аспект на образованието на испитаниците, кај оние со незавршено основно училиште, доминираат одговорите во просечната оценка за влијанието која е поизразена во однос на другите образовни групи. Оваа категорија испитаници е единствена која го намалува просекот и која за разлика од останатите има најмал број одговори кои највисоко со петка го оценуваат влијанието на ромските родители во училишните одбори (25%). Кај испитаниците со завршено основно образование доминира највисоката оценка, но и тој процент е значително помал од категориите на повисоко образованите испитаници. Половина од анкетираните (51%) кои имаат завршено средно образование имаат најмногу петки за влијанието на родителите во одборите. Воедно, тие имаат и најмалку одговори со просечна оценка на прашањето (14%) во однос на останатите групи. Интересно, кај високообразованите испитаници нема никакви ниски оценки (1 и 2) и кај нив доминира оценката 4 со 39%.

Според возраста, кај најмладите испитаници (18-25 години) доминира највисоката оценка со 41%, која е за еден процент помала од возрасната група 31-40 години (кај кои, исто така, овој став е најизразен). Најниската оценка е најмногу застапена во највозрасната група (над 50 години) со 17%. Просечната оценка за влијанието на родителите во училишните одбори е најзастапена во групата 26-30 години со 29%. Истата група има доделено и најмногу четворки со 17%, но сепак сите одговори соодветствуваат со генералната фреквенција.

Во поглед на работниот статус, половина од студентите/учениците дале највисока оценка за влијанието на родителите. Кај истата категорија граѓани, забележлив е многу редок избор (5%) на одговори кои покажуваат делумно влијание. За разлика од нив, дури 29% од испитаниците кои се невработени дале оценка 3, а кај оваа група доминира одговорот кој дава највисока оценка (35%). Спротивно на нив, најмногу посочуван одговор кај непријавените работници (мајстори, чистачи) е просечната оценка со 28%. Кај вработените во државни институции и приватни фирми нема никакви разлики и кај нив преовладува мислењето дека влијанието на родителите во одборите е огромно во однос на генералната фреквенција (49% и 46%).

Најголемите разлики по ова прашање се уочливи во однос на местото на живеење на анкетираните Роми. Така, испитаниците од Кичево имале само високи оценки за влијанието на родителите во училишните одбори и се однесуваат на петки (80%) и четворки (20%). За разлика од нив, за петка се определиле само 4% од анкетираните во Куманово. Кај нив доминира оценката „два“ со дури 40%. Жителите на Прилеп се најмногу согласни во единиците и за тој одговор се определиле 29%. Најмал процент од нив (8%) даваат четворки во однос на ова прашање. Меѓу жителите на Новоселски Пат и Шуто Оризари нема некои големи отстапки во однос на генералната фреквенција.

**Во колкава мера парите за училиштен прибор влијае врз успехот на ромските ученици?**

На прашањето во колкава мера парите за училиштен прибор влијаат врз успехот на ромските ученици, повеќе од половина анкетирани Роми (57%) го оцениле со највисока оценка (5). Еднаков број испитаници се одлучиле за оценките 3 и 4 (по 17%), додека 4% го оцениле со бројот 2. Само 3% од анкетираните сметаат дека парите потребни за училиштен прибор немаат никакво влијание врз успехот на учениците и го оцениле со 1.



Што се однесува до полот и до возраста на испитаниците, тие не играат никаква значајна улога во однос на одговорите.

Гледано од аспект на образованието на анкетираните Роми, половина од високообразованите го оцениле со 4, додека само 22% се определиле за највисоката оценка - 5. Интересно е дека кај истиве испитаници преовладува и највисокиот процент на најниски оценки - 1 (11%) во однос на останатите возрасни групи. Кај другите категории граѓани не се гледаат никакви значајни отстапки во споредба со генералните фреквенции.

Во однос на работниот статус на испитаниците, кај вработените во приватни фирми се појавува најголем просек на највисоки оценки (64%) во однос на останатите групи. Исто така, ниеден од учениците и студентите не се определил за оценката „два“ во однос на ова прашање. Кај останатите одговори не преовладуваат никакви статистички разлики.

Најголемите разлики во проценката на испитаниците за влијанието на парите за училиштен прибор врз успехот на ромските ученици повторно се појавуваат од аспект на местото на живеење што може да се види во следнава табела.

**Во колкава мера парите за училиштен прибор влијаат врз успехот на ромските ученици?**

| | Шуто Оризари | Ѓорче Петров | Куманово | Прилеп | Битола | Кичево |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2% | 11% | 2% | 9% | | |
| 2 | 3% | 2% | 9% | 12% | 4% | |
| 3 | 8% | 15% | 33% | 35% | 21% | 22% |
| 4 | 9% | 20% | 40% | 8% | 30% | 16% |
| 5 | 78% | 52% | 16% | 36% | 45% | 62% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

**Во колкава мера предрасудите на неромските ученици кон Ромите влијаат врз успехот на Ромите во образованието?**

На ова прашање, најголемиот дел од испитаниците (39%) сметаат дека предрасудите на неромските соученици имаат влијание врз успехот на ромските деца во училиште и тоа го оцениле со 5. Следната поизразена бројка е делумното влијание на овој фактор врз ромските ученици која 26% од испитаниците ја оцениле со 3. По 13% од анкетираните се изјасниле по ова прашање со оценките 1 и 3, додека најмал број (9%) го оцениле со 2.




Во поглед на полот и на возраста на испитаниците не се појавуваат статистички значајни разлики во одговорите.

Големи разлики меѓу испитаниците се појавуваат од аспект на нивната возраст што може да се уочи од следнава табела.

**Во колкава мера предрасудите на неромските ученици кон Ромите влијаат врз успехот на Ромите во образованието?**

| | 18-25 години | 26-30 години | 31-40 години | 41-50 години | Над 50 години |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 13% | 10% | 13% | 19% | 11% |
| 2 | 2% | 14% | 14% | 8% | 5% |
| 3 | 29% | 32% | 22% | 19% | 26% |
| 4 | 17% | 11% | 10% | 13% | 16% |
| 5 | 39% | 33% | 41% | 41% | 42% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Гледано според работниот статус на испитаниците, единствените разлики се појавуваат кај групата на ученици/студенти од кои дури една четвртина сметаат дека предрасудите на нивните соученици не влијаат врз нивниот училиштен успех. Кај овие, највисоката оценка (5) која покажува најголемо влијание ја делат само 30% што е помалку од општиот просек. Процентуално, најмногу високи оценки имаат доделено вработените во државните фирми кај кои единствено над половина (51%) го делат истото мислење.

Местото на живеење на анкетираните повторно се појавува како интересна варијабла во поглед на одговорите. Така, дури 74% од жителите на Прилеп со 5 го оцениле влијанието на предрасудите спрема Ромите во нивниот образовен успех. За разлика од нив, истото мислење го делат само 16,5% од испитаниците во Куманово. За жителите на населбата Ѓорче Петров, предрасудите не играат никаква улога според 30%, но исто толкав процент го даваат и спротивниот одговор. Кај испитаниците од Шуто Оризари е најмалку застапена оценката два со само 5%, додека останатите одговори соодветствуваат со генералните фреквенции. Во Куманово, Кичево и Прилеп ниеден не се определил за најниската оценка, а истовремено во Прилеп никој не го оценил овој став со оценката два.

**Во колкава мера текстовите во учебниците кои се однесуваат на ромската култура и обичаи влијаат врз успехот на ромските ученици во образованието?**

На ова прашање од испитаниците беше побарано тие со оценка да го проценат влијанието на тестовите во учебниците кои се однесуваат на ромската култура и обичаи врз успехот на ромските ученици. Најголем број од анкетираните (32%) дале оценка 3. Една четвртина од нив сметаат дека тестовите имаат огромно влијание и ги оцениле со 5, додека 17% дале оценка 2. Најниска оценка 1 дале 14% од анкетираните, додека најмал број од нив (12%) процениле со 4.




Гледано според полот и образованието на испитаниците нема некои интересни отстапки во поглед на одговорите.

Затоа, од аспект на годините, најстарата возрасна група (над 50 години) покажува малку поразлични одговори од останатите. Кај нив, еднаков процент (37%) се одлучиле за оценките делумно и највисоко влијание на тестовите во учебниците, додека најмалобројни кај нив се „четворките“ (5%), споредено со останатите групи.

Во поглед на работниот статус на испитаниците постојат мали разлики во одговорите што може да се види во приложената табела.

**Во колкава мера текстовите во учебниците кои се однесуваат на ромската култура и обичаи влијаат врз успехот на ромските ученици во образованието?**

| | Невработен | Вработен во приватна фирма | Вработен во државна фирма | Не е пријавен, но работи | Ученик или студент |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 17% | 11% | 12% | 13% | 10% |
| 2 | 16% | 16% | 19% | 20% | 15% |
| 3 | 30% | 33% | 33% | 35% | 35% |
| 4 | 10% | 15% | 14% | 11% | 15% |
| 5 | 27% | 25% | 22% | 21% | 25% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Повторно, најголемите разлики се уочуваат во однос на местото на живеење на испитаниците. Така, ниеден од анкетираните во Прилеп не се одлучил за најниските оценки „1“ и „2“ додека многу повеќе од половината (59%) се одлучиле за највисокото влијание на текстовите врз успехот на учениците што е многу повеќе од просекот. Сликата е слична и кај испитаниците кои доаѓаат од Кичево кај кои никој не се определил за „1“, додека 44% се изјасниле за највисоката оценка. Останатите се рамномерно поделени. Кај испитаниците од Куманово доминира делумната оценка со 40% од одговорите, а кај жителите од Битола се најмалобројни четворките со само 5% од одговорите. Кај жителите на општините Шуто Оризари и Ѓорче Петров доминираат оцени блиски до просечните фреквенции.

**Наставниците имаат помали очекувања од ромските ученици**

На прашањето „Наставниците имаат помали очекувања од ромските ученици“, најизразениот став е позитивен, односно 35% целосно и 28% делумно се согласуваат. Останатите 24% се изјасниле негативно, додека 13% немаат став по ова прашање.



Гледано според полот на испитаниците, повторно не се појавува никаква статистичка разлика во одговорите што може да се уочи преку следнава табела.

**Дали се согласувате со ставот „Наставниците имаат помали очекувања од ромските ученици“?**

| | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| Се согласувам | 36% | 34% |
| Делумно се согласувам | 30% | 26% |
| Не се согласувам | 23% | 25% |
| Не знам | 11% | 15% |
| Вкупно | 100% | 100% |

Во поглед на образованието на испитаниците, кај оние со завршено високо образование дури 67% целосно се согласуваат со ставот дека наставниците помалку очекуваат од ромските ученици. Најмногу одговори за делумна согласност има кај анкетираните со завршено средно училиште (37%). Кај оние со завршено основно образование има еднаков процент (28%) кој делумно се согласува или, воопшто, не се согласува со ставот, но сепак и кај нив доминира целосна согласност со 32%. Најмногу неопределени одговори односно „не знам“ има кај испитаниците со незавршено основно образование (21%) што не е случај кај оние со високо образование кај кои нема ниеден таков одговор.




Според возрасните групи може да се констатира дека најмладите (18-25 години) и средовечните (41-50 години) се најбројни испитаници кои целосно се согласуваат дека наставниците имаат помали очекувања од ромските ученици со 45%, односно со 42% одговори. Кај останатите возрасни категории (26-30 години, 31-40 години и над 50 години) преовладува делумната согласност по ова прашање која се движи од 29% до 31%. Најмногу негативни одговори има кај групата од 26 до 30 години која на овој начин се определила со 28%. Една петтина од најстарата возрасна категорија нема став по ова прашање, а за разлика од нив истово го одговориле само 8% од оние на возраст 31-40 години.

Гледано од аспект на работниот статус на испитаниците, сите студенти/ученици имале изразено свој став во однос на ова прашање. Споредено со нив, дури 22% од оние што работат непријавени (мајстори, чистачи) одговориле со „не знам“. Дури 85% од Ромите кои моментално се дел од образовниот процес (студенти, ученици) изјавиле дека целосно (55%) и делумно (30%) се согласуваат со ставот дека нивните учители имаат помали очекувања од нив. Кај вработените во државните фирми доминира целосно спротивниот став со 35%. Кај невработените Роми доминира одговорот дека целосно се согласуваат со ставот со 41%, а кај оние што се вработени во приватни фирми најмногу одговори се движат околу делумната согласност со 33%.

Според местото на живеење кај жителите на Шуто Оризари најмногу доминираат потврдните ставови дека наставниците имаат помалку очекувања од учениците кои се Роми со 49% целосна и 27% делумна согласност по овој став. Кај анкетираните од Прилеп дури 52% се изјасниле дека целосно се согласуваат со изјавата, додека за истово се определиле само 15% од испитаниците во Битола. Најголема делумна согласност има кај анкетираните од Куманово со 42%, додека за истово се изјасниле само 12% во Прилеп. Најмногу неопределени по ова прашање има меѓу жителите на Куманово со 22%.

**Наставниците ги оценуваат ромските ученици со исти критериуми како и останатите ученици**

Најголем дел од анкетираните (35%) сметаат дека наставниците ги оценуваат ромските ученици со истите критериуми кои важат за останатите ученици. На ова прашање, 28% изјавиле дека делумно се согласуваат, додека 21% оцениле дека, воопшто, не се согласуваат со оваа изјава. Само 16% немаат никаков одговор.




Гледано од аспект на полот на испитаниците нема никакви разлики во одговорите.

Според образованието, меѓу анкетираните има мали разлики во одговорите. Така, над половина од тие кои завршиле факултет (56%) имаат делумна согласност за тоа дека ромските ученици се оценувани со истите критериуми како и другите ученици од страна на наставниците. Кај истата група граѓани се забележува најмал број одговори кои потврдуваат целосна согласност (11%) додека за споредба, истиот став го делат дури 39% од испитаниците со завршено основно образование. Одговорите дадени од оние со завршено средно училиште се најмногубројни во согласноста со ставот (37% целосна и 35% делумна). Дури 30% од испитаниците со незавршено основно училиште немаат одговор на ова прашање, но кај нив се забележува сличен процент (31%) во целосната потврда на ставот.

Мали разлики во одговорите меѓу анкетираните, гледани од аспект на возраста, може да се забележат на следнава табела.

**Наставниците ги оценуваат ромските ученици со исти критериуми, како и останатите ученици**

| | 18-25 години | 26-30 години | 31-40 години | 41-50 години | Над 50 години |
|---|---|---|---|---|---|
| Се согласувам | 39% | 35% | 32% | 40% | 26% |
| Делумно се согласувам | 29% | 31% | 32% | 21% | 28% |
| Не се согласувам | 17% | 24% | 26% | 18% | 19% |
| Не знам | 15% | 10% | 10% | 21% | 27% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Според работниот статус, кај учениците/студентите е најизразен потврдниот став, но и најверојатно свежо искуство кое покажува дека наставниците со исти критериуми ги оценуваат ромските ученици како останатите ученици. Така, 40% се изјасниле дека целосно, а 45% дека делумно се согласни со ова тврдење. Кај истиве испитаници само 15% се определиле за одговорот дека не се согласуваат. Потврдните одговори доминираат кај сите категории поделени според работниот статус. Негативните одговори со по 22% се најбројни кај оние што работат приватно, но и во државните институции. Најмногу одговори дека не можат да проценат има кај групата невработени со 18% и кај непријавените работници (17%) за разлика од учениците кај кои не е забележан ниеден ваков одговор.

Во поглед на местото на живеење кај анкетираните од општините Ѓорче Петров и Кичево предоминантни се позитивните ставови со над 70% одговори. Останатите градови имаат сличен тренд, но, на пример, жителите на Шуто Оризари имаат најбројни негативни одговори со по 29%. Дури 39% од анкетираните во Прилеп не можеле да се изјаснат по ова прашање, за разлика од само 2% од анкетираните во Кичево.

**Наставниците имаат минимум познавања за ромската култура и традиција**

Во однос на минималното познавање на наставниците за ромската култура и традиција, огромен процент од анкетираните изјавиле дека целосно (42%) и делумно (29%) се согласуваат со овој став. Само 13% од анкетираните изјавиле дека наставниците имаат големо познавање на ромската култура, додека 16% немаат никаков став по ова прашање.



Гледано од аспект на половата припадност, како и од возраста на испитаниците нема некои посебни разлики во дадените одговори.

Ставот околу ова прашање дава мали разлики меѓу одговорите на анкетираните поделени според нивото на образование, што може да се види во следнава табела.

**Наставниците имаат минимум познавања за ромската култура и традиција**

| | Незавршено основно образование | Завршено основно образование | Завршено средно образование | Завршено високо образование |
|---|---|---|---|---|
| Се согласувам | 41% | 45% | 38% | 50% |
| Делумно се согласувам | 23% | 27% | 40% | 28% |
| Не се согласувам | 8% | 14% | 17% | 17% |
| Не знам | 28% | 14% | 5% | 5% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% |

Во поглед на работниот статус на испитаниците, кај сите категории граѓани доминира согласноста дека наставниците имаат минимум познавање на ромската култура и традиција. Единствено групата на студенти/ученици покажува висок процент на одговори кои не се согласуваат со овој став (35%) и кој е повисок од просекот. За разлика од нив, само 8% од вработените во државните институции сметаат дека наставниците поседуваат солидно знаење за ромската култура. Дури една петтина од испитаниците кои се непријавени работници (мајстори, чистачи) немаат став по ова прашање.

Од аспект на местото на живеење, повторно се појавуваат големи разлики меѓу испитаниците од различни градови. Така, дури 98% од Ромите во Кичево сметаат дека наставниците имаат минимално познавање на ромската култура, додека истиов став го делат 65% од анкетираните во Прилеп. Ниеден испитаник од Кичево не смета дека наставниците имаат познавање за ромската традиција, додека спротивното го искусиле 17% од граѓаните на Шуто Оризари. Една четвртина од анкетираните Роми во Прилеп немале свое мислење за разлика од само 2% во Кичево.

**Наставниците имаат предрасуди кон ромските ученици**

Во поглед на предрасудите на наставниците кон ромските ученици, 30% од испитаниците изјавиле дека целосно се согласуваат со ставот дека тие постојат, додека 29% одговориле дека делумно се согласуваат. Одговори кои не препознаваат предрасуди кај наставниците кон ромските ученици дале 27% од испитаниците, додека 14% одговориле дека не знаат да одговорат на ова прашање.




Гледано според полот, меѓу одговорите на испитаниците не постојат значителни разлики.

Од аспект на образованието, групата граѓани со завршено високо образование има најголем просек одговори кои укажуваат на предрасудите на наставниците кон ромските ученици. Така, 28% од нив целосно и 44% делумно се согласуваат со ставот. За разлика од нив, дури 40% од оние анкетирани кои завршиле средно училиште изјавиле дека не постојат предрасуди спрема ромските ученици. Една четвртина од испитаниците кои немаат завршено ни основно образование немаат ни свој став по ова прашање, за разлика од само 3% вакви одговори дадени од оние што имаат матурирано.



Во поглед на возраста на испитаниците, само највозрасната група (над 50 години) не достига половина потврдни одговори (47%) дека ромските ученици се жртви на предрасуди од нивните наставници. Од нив, дури 37% го оцениле сосема спротивното за разлика од само 21% исти одговори кај групата граѓани на возраст од 31 до 40 години. Логично, истата категорија возраст препознава голема дискриминација од страна на учителите (69% потврдни одговори). Најголем процент (19%) на неопределелни ставови се забележува кај Ромите на возраст од 41 до 50 години.

Работниот статус на испитаниците покажува дека сите категории препознаваат предрасуди на наставниците спрема ромските ученици од кои групата студенти/ученици е најбројна во потврдните одговори (25% целосно и 40% делумно). Оваа категорија испитаници е и најбројна во негативните искази (35%) додека истите искази ги делат по една четвртина од невработените и непријавените работници. Најмногубројни во неопределените одговори се непријавените работници (20%), додека кај студентите/учениците нема ниту еден таков.

Најголемите разлики во одговорите меѓу испитаниците се уочиле од нивното место на живеење што може да се види од следнава табела.

**Наставниците имаат предрасуди кон ромските ученици**

| | Шуто Оризари | Ѓорче Петров | Куманово | Прилеп | Битола | Кичево |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Се согласувам | 34% | 17% | 16% | 44% | 14% | 56% |
| Делумно се согласувам | 29% | 37% | 35% | 19% | 34% | 13% |
| Не се согласувам | 29% | 30% | 33% | 6% | 29% | 29% |
| Не знам | 8% | 16% | 16% | 31% | 23% | 2% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

**Наставниците им посветуваат исто време и внимание на ромските ученици, како и на останатите ученици**

Најраспространетиот став кај анкетираните е дека наставниците им посветуваат еднакво внимание на ромските ученици, како и на останатите. Така, 36% изјавиле дека целосно, додека 27% делумно се согласуваат со овој став. Сосема обратното мислење го делат 24% од испитаниците додека 14% се изјасниле со „не знам“.




Повторно, полот не игра никаква значителна улога во ставовите на испитаниците.

Гледано според образованието на анкетираните, оние што имаат завршено средно училиште се најмногубројни во потврдниот став дека наставниците им посветуваат еднакво внимание на ромските ученици споредено со другите. Така, 41% целосно и 35% делумно се согласуваат со оваа изјава. Сепак и кај останатите групи доминираат овие ставови кои ги делат над половина испитаници. Дипломираните испитаници имаат најголем процент (28%) на негативни искази односно сметаат дека ромските ученици не добиваат еднаков третман со останатите од страна на наставниците, но повторно овој исказ се движи во рамките на просекот и кај другите категории. Единствено најбројни во неопределните ставови се оние што немаат завршено ни основно училиште со 24% за разлика од само 5% кај оние што имаат матурирано.

Постојат мали статистички разлики меѓу испитаниците, според нивната возраст, кои може да се видат во следнава табела.

**Наставниците им посветуваат исто време и внимание на ромските ученици, како и на останатите ученици**

| | 18-25 години | 26-30 години | 31-40 години | 41-50 години | Над 50 години |
|---|---|---|---|---|---|
| Се согласувам | 36% | 31% | 34% | 39% | 40% |
| Делумно се согласувам | 28% | 30% | 29% | 26% | 20% |
| Не се согласувам | 24% | 27% | 30% | 19% | 17% |
| Не знам | 12% | 12% | 7% | 16% | 23% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Според работниот статус на анкетираните, дури 90% од студентите/ учениците целосно или делумно сметаат дека наставниците имаат еднаков третман спрема нив, како и спрема другите ученици. Само 10% од нив го сметаат спротивното. За разлика од нив, дури 32% од непријавените работници (мајстори, чистачи) имаат став дека ромските ученици не се третираат еднакво. Истата категорија граѓани заедно со невработените испитаници се оние што имаат и најбројни неопределни ставови по овој исказ (16%) за разлика од активните ученици кај кои не се забележува ниеден таков одговор.

Најголемите разлики меѓу одговорите на ова прашање се појавуваат од аспект на нивното место на живеење. Така, дури 42% од жителите на Кичево сметаат дека ромските ученици не добиваат еднаков третман од нивните наставници. За разлика од нив, само 8% од анкетираните во Прилеп го делат истото мислење. Дури 69% од испитаниците во Шуто Оризари се изјасниле дека целосно или делумно ромските ученици се еднакво третирани од наставниците. Најмногу неопределени одговори има повторно кај жителите на Прилеп (30%) за разлика од само 2% од анкетираните во Кичево кои немаат свое мислење за оваа тема.

**Што мислат испитаниците за предметот Јазик и култура на Ромите?**

Повеќе од половина анкетирани Роми (52%) сметаат дека сите ученици треба да го изучуваат предметот Јазик и култура на Ромите со цел подобро да се запознаат со ромската култура. Ова мислење не го делат 23% од испитаниците кои одговориле дека таков предмет треба да изучуваат само ромските деца. Само 11% сметаат дека нема потреба од воведување на ваков предмет кој би значел дополнително оптоварување на учениците, додека 14% немаат никаков став по ова прашање.




Половата припадност не игра никаков значаен фактор во одговорите на испитаниците.

Според образованието на испитаниците, оние што имаат дипломирано се најбројни (39%) во согласноста со ставот дека предметот Јазик и култура на Ромите треба да го изучуваат само ромските ученици. Сепак и кај нив, како и кај останатите категории граѓани, најмногу определби имало дека Јазик и култура на Ромите треба да изучуваат сите ученици, со тоа што предничат оние што имаат завршено средно училиште (66%). Ставот дека ваков предмет не треба да се изучува зашто претставува дополнително оптоварување на учениците не го делат многу испитаници, а тој како најпосочуван се појавува во групата на оние што имаат само основно училиште (15%). Дури 21% од анкетираните што немаат завршено ни основно училиште немаат став по ова прашање, за разлика од оние што имаат матура со само 7%.

Гледано според возраста, најмладата група (18-25 години) најмногу го дели мислењето дека посебен предмет Јазик и култура на Ромите треба да изучуваат сите ученици (со 57%), но и останатите категории се движат со околу 50% вакви одговори. Од останатите, по 24% од испитаниците на возраст од 31 до 50 години сметаат дека овој предмет би требало да го имаат само ромските ученици. Како дополнително оптоварување овој предмет го гледаат по 13% испитаници на возраст од 31-40 години и над 50 години.

Разлики во одговорите за изучување на посебен предмет Јазик и култура на Ромите се гледа од аспект на нивниот работен статус што може да се види во следнава табела.

**Што мислите за предметот Јазик и култура на Ромите?**

| | Невработен | Вработен во приватна фирма | Вработен во државна фирма | Непријавен, но работи | Ученик или студент |
|---|---|---|---|---|---|
| Треба да го учат само ромските ученици | 25% | 18% | 27% | 21% | 10% |
| Треба да го учат сите ученици | 50% | 54% | 55% | 50% | 85% |
| Не треба, воопшто, да се учи зашто е оптоварување | 10% | 15% | 14% | 10% | 5% |
| Не знам | 15% | 13% | 4% | 19% | |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

Местото на живеење носи големи статистички разлики во одговорите на испитаниците. Така, дури 72% од испитаниците во Прилеп сметаат дека предметот Јазик и култура на Ромите треба да го изучуваат само ромските ученици,  додека истиов одговор го дале само 6% од испитаниците во Ѓорче Петров и 7% во Битола. Анкетираните кои живеат во Општина Ѓорче Петров се и најбројни во ставот дека таков предмет треба да изучуваат сите деца (66%). Истото мислење го делат само 11% од Ромите што живеат во Прилеп. Ставот дека посебен предмет кој се однесува на културата на Ромите би ги оптоварил учениците е најброен меѓу жителите на Куманово (22%), за разлика од оние во Битола и во Кичево (по 2%). Најмногу неопределени одговори по ова прашање се забележуваат меѓу граѓаните во Битола (32%), а најмалку во Кичево (7%).




**Дали во Македонија треба да се воведе образовен систем со настава на ромски јазик?**

Дури 64% од анкетираните изјавиле дека во Македонија треба да се воведе образовен систем со настава на ромски јазик. Ваквото мислење не го делат 17% од испитаниците што се изјасниле со негативен одговор, додека 19% изјавиле дека не знаат.




Од аспект на полот нема некои посебни разлики во ставовите на граѓаните по ова прашање.

Мали, но значителни статистички разлики се појавуваат меѓу испитаниците во однос на нивното образование што може да се уочат од следнава табела.

**Дали во Македонија треба да се воведе образовен систем со настава на ромски јазик?**

| | Незавршено основно образование | Завршено основно образование | Завршено средно образование | Завршено високо образование |
|---|---|---|---|---|
| Да | 60% | 63% | 69% | 78% |
| Не | 14% | 16% | 22% | 17% |
| Не знам | 26% | 21% | 9% | 5% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% |

Според возраста, кај сите групи преовладува потврдниот став, односно ставот дека треба да се воведе образовен систем на ромски јазик и кај сите се движи околу 60% со тоа што најмногу одговори има кај испитаниците на возраст од 41 до 50 години (68%). Најмногу негативни одговори (22%) може да се забележат кај најмладите (18-25 години). Негативните искази се најмалку застапени во возрасните категории 26-30 години и 41-50 години со по 14%. Воедно, најмногу неопределни одговори има меѓу испитаниците на возраст 26-30 години (22%).

Според работниот статус може да се уочат големи разлики во одговорите. Така, дури 55% од учениците/студентите изјавиле дека не треба да се воведува образовен систем на ромски јазик, додека 45% потврдно се изјасниле. За разлика од нив, 69% од вработените во државни институции сметаат дека треба да се воведе образовен систем на ромски јазик, додека една четвртина се определиле негативно.  Негативни искази имаат само 12% од невработените, но кај нив преовладува неопределениот став со 22% кој, пак, воопшто, не е регистриран кај студентите/ учениците.




Интересни спротивставени ставови се појавуваат кај испитаниците во поглед на нивното место на живеење. Имено, Ромите од Кичево со дури 89% ја поддржуваат идејата за образование на ромски јазик, додека ниеден не се изјаснил негативно. Најмногу против, се чини дека, се испитаниците што живеат во Ѓорче Петров (30%) и Прилеп (26%). Дури 60% неопределени по овој став се уочуваат меѓу граѓаните во Битола, споредено на пример со испитаниците во Шуто Оризари, кај кои вакви одговори има само 9%.

## СТАВОВИ ЗА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ ВО ШУТО ОРИЗАРИ

Најголем дел од испитаниците на прашањето **„Што според вас ќе се случи со отворањето на средното училиште во општината Шуто Оризари во Скопје, каде што живеат Ромите?“** мислат дека повеќе Роми ќе завршуваат средно образование (33%). Според нив, близината на училиштето би требало да влијае поголем број од жителите на Шуто Оризари да завршуваат средно училиште. Со помала фреквенција се застапени одговорите дека ќе има поквалитетно образование за Ромите (16%), но и дека на тој начин средното образование за Ромите ќе стане поевтино (15%). Истовремено, дека не можат да проценат се изјасниле 21% од учесниците во анкетата. На графиконот се дадени одговорите што биле најчесто избирани.




1. Ќе има поквалитетно средно образование за Ромите
2. Средното образование ќе биде со полош квалитет
3. Средното образование за Ромите ќе биде поевтино
4. **Повеќе Роми ќе завршуваат средно образование**
5. Не е важно што ќе донесе, важно е да има средно училиште во ромска општина
6. Не знам, не можам да проценам

Што се однесува до независните варијабли, најголеми отстапувања има **кај варијаблите образование и место на живеење**. Кај двете варијабли ќе ја прикажеме само честота на одговорите за **четвртиот модалитет**, дека повеќе Роми ќе завршуваат средно образование. Иако испитаници Роми, учесници во анкетата, **со високо образование** има само 3%, тие во голем процент го потврдуваат овој модалитет (61%).




Кај варијаблата **место на живеење**, интересно е дека жителите Роми на дури две општини во поголем процент мислат дека повеќе Роми ќе завршуваат средно образование од досега, Ѓорче Петров (48%) и Прилеп (44%), отколку оние што живеат во Шуто Оризари кои се изјасниле со 34% дека поголем број Роми ќе имаат шанси за завршување средно образование. Очигледно дека образованието секогаш побудува голем интерес.




Кај одговорите на прашањето **„Кој би требало да се вработи во средното училиште во Шуто Оризари?“**, доминантни одговори меѓу учесниците во истражувањето се дека треба бидат вработени добри наставници без разлика дали се Роми (41%) и дека треба да се вработат лица што ќе работат добро без разлика дали се Роми (29%). Одговорите се интересни бидејќи покажуват јасен став: дека, ако Ромите сакаат подобро и поквалитетно образование, нивното мислење е дека во средното училиште треба да се вработуваат добри наставници и лица без разлика дали се Роми. Убедливо најретко е мислењето за вработување на познати членови на ромските политички партии (3%).




1. Сите вработени и директорот на училиштето да бидат Роми
2. Да бидат вработени исклучиво наставници Роми
3. **Да бидат вработени добри наставници без разлика дали се Роми**
4. Да бидат вработени познати членови на ромските политички партии
5. Да бидат вработени Роми кои завршиле факултет
6. **Да се вработат лица кои добро ќе работат без разлика дали се Роми**

Што се однесува до независните варијабли, разлики постојат кај варијаблите **образование** и **место на живеење**. Кај двете варијабли ќе ја прикажеме само честота на одговорите за **шестиот модалитет**, дека треба да се вработат лица кои добро ќе работат без разлика дали се Роми. Кај овие одговори како што расте образованието така се намалува честотата на одговорите за вработување на лица кои добро ќе работат без разлика дали се Роми. Истовремено, довербата во ромската заедница опаѓа кај лицата со пониско образование.




Кај варијаблата **место на живеење**, интересно е дека жителите Роми на дури три општини во поголем процент мислат дека треба да се вработат лица кои добро ќе работат без разлика дали се Роми и тоа во Ѓорче Петров (51%), Прилеп (44%) и во Битола (28%), отколку оние што живеат во Шуто Оризари, кои се изјасниле со 23% дека треба да се вработат лица кои добро ќе работат без разлика дали се Роми. На што се должат овие регионални разлики е тешко да се претпостави. Веројатно, повторно се работи за недоверба кај

некои ромски популации кон сопствената етничка заедница. На двете прашања Ромите од Ѓорче Петров (Новоселски Пат) имаат повисоки фреквенции на одговорите од другите Роми.




На прашањето **„Што ќе биде најдоброто за ова средно училиште во Шуто Оризари?“**, доминантни одговори меѓу учесниците во истражувањето се дека најдоброто е близината на училиштето (35%) и дека ромските ученици тука ќе се чувствуваат поудобно и поприфатено (27%). Со помала честота се појавуваат и одговорите дека во училиштето ќе има и гимназиски и стручни паралелки (17%) и дека сите Роми од другите општини ќе може овде да се дошколуваат, зашто училиштето ќе го чувствуваат како свое (16%).




1. Близината на училиштето
2. Тоа што во училиштето ќе има и гимназиски и стручни паралелки
3. Ромските ученици ќе се чувствуваат поудобно и поприфатено
4. Ако во ова училиште учат само Роми, полесно ќе се добиваат добри оценки
5. **Сите Роми кои живеат во други општини ќе може да се школуваат во ова средно училиште зошто, ќе го чувствуваат како свое училиште**

Тоа дека **физичката блискост** е најзначајна, го потврдуваат одговорите кај испитаниците според **местото на живеење**. Имено, убедливо најмногу позитивни одговори кај овој модалитет се јавуваат меѓу жителите на Шуто Оризари (59%), а многу помалку кај другите.




Од другите опции, поинтересни се одговорите за модалитетот дека **сите Роми што живеат во други општини ќе може да се школуваат во ова средно училиште зашто ќе го чувствуваат како свое училиште.** Очигледно блискоста до Шуто Оризари на Ромите од Новоселски Пат (44%) и Куманово (24%) и можноста за школување се причините за избор на овој одговор кај овие анкетирани Роми.




Голем дел од испитаниците на прашањето **„Кои, според вас, ќе бидат недостатоците за учење во ова средно училиште во Шуто Оризари?“**,одговорите ги распоредиле според следниве модалитети: дружењето на ромските деца со други ученици уште повеќе ќе се намали (36%), поради постоењето на ова училиште, на ромските ученици нема да им биде дозволено да учат во друго

средно училиште ако сакаат (19%) и поради блискоста на училиштето, ромските ученици нема да се движат на други места (15%). Сепак, заслужува внимание и ставот дека ромските средношколци ќе бидат ограничени  само на струките што ги има во ова училиште (19%). Но, првите три спомнати модалитети укажуваат на опасноста од целосна изолација на ромските деца, а со тоа и на целата ромска заедница. Оваа просторна изолација може да придонесе само за зголемување на чувството дека се живее во гето и дека Ромите се физички непожелни во поширокото општество. Важно прашање за креаторите на политиките во државата и појавата на општествена дискриминација.




1. **Бидејќи училиштето ќе биде блиску, ромските ученици нема да се движат на други места**
2. Ромските средношколци ќе бидат ограничени  само на струките што ги има во ова училиште
3. Полесното добивање оцени ќе произведе завршени средношколци со лош квалитет
4. **Дружењето  на ромските деца со други ученици уште повеќе ќе се намали**
5. **На Ромите нема да им биде дозволено  да учат во друго средно училиште ако сакаат**
6. Нема недостатоци

Поради важноста на прашањето, ќе ги претставиме сите одговори на ова прашање според **местото на живеење**. На графиконот се гледаат разликите во отстапувањето кај, речиси, сите модалитети. Разликите се резултат од други причини и услови на живеење во различни градови. Освен општата фреквенција кај четвртиот модалитет, каков што е случајот во Шуто Оризари, Новоселски Пат и Битола, во другите градови доминира различен одговор. На пример, во Куманово е најчест петтиот, во Прилеп вториот, додека во Кичево третиот модалитет.




## СТАВОВИ ЗА СПЕЦИЈАЛНИТЕ УЧИЛИШТА

Од десетмина респонденти, шестмина од нив на прашањето **„Дали знаете што е тоа специјално училиште?“** одговориле потврдно. Со потврден одговор се појавиле 62% од испитаниците, додека со негативен 38%. Ова ни дава јасен одговор на прашањето дека анкетираните во голем процент знаат за специјалните училишта. Сепак, овие одговори не ни даваат повеќе информации дали навистина анкетираните знаат што се тоа специјални училишта,  за кого се  наменети тие и каква програма имаат.




Разлики, според независните варијабли за ова прашање, се јавуваат кај **образованието, вработеноста и местото на живеење**. Почесто не знаат што се тоа специјални училишта Ромите со незавршено и завршено основно образование, потоа невработените Роми и оние Роми што работат најчесто по куќи, а не се пријавени, но и вработените во приватна фирма, како и Ромите од Битола. На следните графикони е дадена честотата на негативниот модалитет, дека анкетираните не знаат што се специјални училишта.










За тоа дали Ромите имаат вистинска претстава што се тоа специјални училишта, можеби, повеќе информации се добиваат од одговорите на прашањето: **„Доколку нивното дете или некое дете на нивни роднини и пријатели посетува специјално училиште, од кои причини е тоа?“**. Така, најчест одговор на предложените опции доби модалитетот дека не знаат што е специјално училиште (38%), но, следуваат и одговори дека децата се навистина со попреченост во развојот или се болни (29%), дека не познаваат таков случај (26%), но и дека 7% одговориле дека детето е сосема здраво, но дека на тој начин семејството добива помош. Првиот модалитет се јавува во, речиси, 30% што е голем процент и овој податок треба да се спореди со статистичките показатели и посетеноста на овој тип училишта од страна на припадниците на ромската заедница. Иако примерокот е наменски, сепак, податокот за голема вклученост на ромските деца во специјалните училишта е навистина висок.




1. Детето е навистина со попреченост во развојот (болно)
2. Детето е сосема здраво, но семејството добива помош на тој начин
3. Не познавам таков случај
4. Не знам што е специјално училиште

Одговорите на првиот и вториот модалитет може да се анализираат и со помош на независните варијабли за да видиме дали некоја независна варијабла има поголема поврзаност со појавата или нема никакво систематско влијание, а одговорите се случајно распоредени според дадените модалитети. Според табелите за независните варијабли, не се забележуваат големи отстапувања во однос на полот, возраста, образованието и вработеноста. Но затоа според местото на живеење има големи разлики. На следните два графикона ќе ги дадеме одговорите на првиот и на вториот модалитет споредбено со просечниот податок за целата популација. Најпрвин, оди тоа дека анкетираните веруваат оти детето е навистина со попреченост во развојот, а потоа и дека детето е сосема здраво, но семејството добива помош на тој начин.




На првиот графикон најголемо отстапување имаат одговорите на Ромите во Куманово, кои најмногу се изјасниле дека децата што ги познаваат и одат во тие училишта се навистина со попреченост во развојот. Најмалку за овој модалитет се изјасниле Ромите од Битола. Другите градови се во границите на просечната вредност.




На вториот графикон најголемо отстапување имаат одговорите на Ромите од Кичево, кои најчесто го избрале модалитетот дека децата што ги познаваат, а одат во специјално училиште, се здрави, но дека семејството добива помош на тој начин. Со поголема честота овој модалитет го избрале и Ромите од Куманово и од Новоселски Пат. Овој модалитет многу поретко го избрале анкетираните од Шуто Оризари, а воопшто не го избрале Ромите од Битола. Сиве овие податоци треба да се споредат и со реалната состојба на теренот.

Само една четвртина од анкетираните Роми одговориле потврдно на прашањето **„Дали би се согласиле вашето дете и доколку нема пречки во развојот да учи во специјално училиште ако државата Ви обезбеди сместување, храна?“** Согласност за ова прашање дале 24% од Ромите во истражувањето, а негативно одговориле 76%.




Одговорите на ова прашање повторно ќе ги споредиме со независните варијабли за да видиме дали некоја варијабла има поголема поврзаност со појавата. Од понудените табеларни податоци може да се види дека најголеми отстапувања има според образованието и според местото на живеење.




На првиот графикон најголемо отстапување споредено со просечниот податок за испитуваната популација имаат одговорите на Ромите со **незавршено основно образование**. Најмалку за овој модалитет се изјасниле Ромите со завршен факултет, што е разбирливо. Очигледно дека варијаблата образование има директна поврзаност со појавата. Имено, како што опаѓа нивото на образование, така расте подготвеноста на родителите за согласност нивното дете да го пратат во специјално училиште, иако детето нема пречки во развојот, доколку државата обезбеди сместување и храна за овие деца.




Според вториот графикон е јасно дека најголемо отстапување имаат одговорите на Ромите од Кичево, но и од Прилеп. Ромите во овие два града најчесто се изјасниле дека, иако детето нема пречки во развојот, родителите се подготвени да го пратат во специјално училиште, ако државата обезбеди сместување и храна за децата. Најмалку за овој модалитет се изјасниле Ромите од Шуто Оризари, а, воопшто, не го избрале како одговор Ромите од Новоселски Пат. Ромите од Битола и од Куманово се во границите на просечната вредност.

Ако може да се поврзат одговорите на претходните два графикона, може да се заклучи дека Ромите од Кичево и од Прилеп, кои се со понизок степен на образование, почесто од другите Роми би се согласиле нивните деца да одат во специјално училиште, веројатно, поради ниското ниво на образование и несогледување на последиците од таквиот чин и понудените бенефиции од државата. Можеби, во овие два града и условите за живеење на ромската заедница се најлоши.

## ЛИЧНИ ИСКУСТВА НА ИСПИТАНИЦИТЕ

На прашањето **„Зошто вие сте го прекинале Вашето образование (основно, средно, факултет)?“**, најчест одговор е дека се немало пари за школување (34%), поради мажење/ женење (22%), но и поради немањето на желба за учење (19%). Доминантен одговор е дека семејството немало пари или средства за школување. Само 17% од вкупниот број на анкетирани Роми одговориле дека не го прекинале образованието.




**1. Не сакав повеќе да учам**

**2. Немав пари за школување**

**3. Се омажив / оженив**

4. Се вработив и не морав понатаму да се школувам

5. Требаше да патувам во друга општина и не сакав

6. Не сум го прекинал образованието

Независните варијабли ни даваат десегрегирана слика на причините за напуштање на образованието. Најпрвин се забележува разликата според **полот**. На пример, многу почесто жените од мажите го напуштиле образованието поради мажење/ женење.




Потоа, многу почесто го напуштиле школувањето Ромите по завршувањето на основното или со незавршено основно образование.




Најретко го напуштиле образованието Ромите од Шуто Оризари и Новоселски Пат.




Ромите од другите градови почесто го напуштиле школувањето поради наведените причини во општата дистрибуција на фреквенции. Според градови, немањето пари за школување најчесто било причина во Шуто Оризари, во Новоселски Пат и во Куманово, поради мажење/ женење во Прилеп и во Кичево, но и поради немањето желба за учење во Битола.

На прашањето **„Доколку сега би имале можност да се дошколувате и да завршите некој повисок степен на образование, дали би го направиле тоа?“**, за малку е поголем бројот на Роми што се изјасниле негативно. Имено, 53% одговориле дека не би го продолжиле образованието, додека позитивно се изјасниле 47%. Ова е доста висок процент на позитивни одговори, имајќи ја предвид образовната и социјалната положба на Ромите во општеството.




Според независните варијабли, интересно би било да се следат позитивните одговори на ова прашање. Дека би го продолжиле школувањето, ако имаат можност за тоа, многу почесто се изјасниле Ромите со **завршено средно** и **високо образование**, што е разбирливо, бидејќи луѓето со повисок степен на образование знаат колку е тоа значајно за стандардот на живеење и за добивањето подобра работа. Постои директна меѓузависност на овие две варијабли.




Потврдно, со повисок процент од просечниот резултат, односно дека би го продолжиле школувањето, одговориле и **помладите Роми**. Овде е видливо дека варијаблата возраст има директно влијание врз одговорите на прашањето. Имено, кај помладите Роми расте желбата за дошколување, доколку имаат шанса да го направат тоа. И овде постои директна меѓузависност на овие две варијабли.



Кај варијаблата **место на живеење, исто така**, има одредени отстапувања. Многу повеќе се застапени одговорите за желбата за продолжување на образованието во Кичево, но и во Новоселски Пат и во Шуто Оризари. Најмалку оваа желба постои кај Ромите во Битола.




На прашањето, пак, **„Дали ако имате можност би заминале да живеете надвор од државата?“**, многу поголем е бројот на Роми што се изјасниле дека би заминале надвор од државата ако имаат шанса за тоа. Две третини од Ромите што учествувале во анкетата би ја напуштиле државата (66%), додека само една третина (34%) одговориле дека не би заминале никаде надвор.




Според независните варијабли, најголеми отстапувања има кај **возраста** и **местото на живеење**. Кај возраста постои директно влијание, имено, помладите Роми имаат многу поголема желба да заминат надвор од државата. Постои директна поврзаност и меѓу овие две варијабли.




Статистички разлики постојат и кај одговорите според варијаблата **место на живеење**, впрочем, како и кај одговорите на сите прашања во анкетата. Овде, најизразена е желбата за напуштање на државата кај Ромите од Кичево и од Новоселски Пат, додека со помала честота оваа желба се јавува кај Ромите од Битола.




На прашањето **„Поради кои причини би заминале да живеат надвор од државата?“**, ако притоа се согласиле со овој став, одговорите, главно, се концентрирале околу два модалитета. Најчесто би заминале поради тоа што не гледаат перспектива за убав живот на нивното семејство овде 36% од анкетираните, но и дека причината за тоа е немањето работа кај 17% од испитаниците. Дека одовде не би заминале одговориле 34% од испитаниците.




| |
|---|
| **1. Не гледам убав живот за мене и за моето семејство овде** |
| **2. Не можам да најдам работа** |
| 3. Не можам да се вработам без партиска книшка |
| 4. Општо не ми се допаѓа државава |
| 5. Друго |
| **6. Не би си заминале** |

Според независните варијабли, најголеми отстапувања има според варијаблите **вработеност** и **место на живеење**. Овие разлики ќе ги прикажеме на графикон според модалитетот **не би заминале оттука**. Според вработеноста, најмала желба да заминат одовде имаат Ромите што се вработени во државна фирма, кои имаат некаква сигурност преку редовни примања и, веројатно, подобар стандард на живеење.




Местото на живеење, исто така, има влијание врз желбата за останување овде. Оваа желба за останување е најизразена кај Ромите од Битола, но и кај Ромите од Шуто Оризари и од Куманово.



# ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНИТЕ ФОКУС-ГРУПИ

Во рамките на Проектот беа реализирани и 4 фокус-групи со припадници на ромската заедница, со следниве целни групи:

- една со активисти на невладини организации, одржана во Скопје;
- една со студенти, одржана во Скопје;
- една со граѓани одржана во општината Шуто Оризари; и
- една со граѓани одржана во општината Куманово
- Следуваат извештаите за секоја од нив.

## ФОКУС-ГРУПА СО АКТИВИСТИ НА НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Фокус-групата беше одржана на 20. 11. 2014 г. во Скопје. Присуствуваа 9 активисти на невладини организации, од кои поголемиот дел дипломирани или студенти на последните години од студиите.

**Заклучоци од дискусијата:**

1. Во однос на постојните владини стратегии и документи врзани за Ромите, сите учесници знаеја дека тие постојат, а поголемиот дел беа запознати и со нивната содржина. Главно, учесниците сметаа дека идејата за вакви стратегии е позитивна, но чести беа коментарите дека тие не ги изразуваат целосно потребите на Ромите. Како главна причина за тоа беше истакнато дека ромските политичари „се претвораат во некакви замислени елити, кои губат контакт со народот и забораваат од каде дошле."Помал дел од учесниците, меѓутоа, не сакаат, воопшто, да ги читаат овие документи, однапред оценувајќи ги како „несоодветни", главно од истата причина.

2. Положбата на Ромите последнава деценија според сите учесници е оценета како подобрена во однос на образованието, но не и генерално. Сите сметаат дека е факт оти бројот на Роми со средно и со високо образование се зголемува. Тоа се должи на можностите за школување со стипендии, но и на повисоката свест на Ромите за значењето на образованието. Финансиската положба, според сите учесници не е подобрена, но сиромаштијата е сега присутна кај сите граѓани и не е специфичен проблем на Ромите. Влошување, според неколку учесници, има на планот на човековите права, при што за пример беше наведено ограничувањето на слободата на движење поради барателите на азил. Последново инспирираше бројни коментари, при што одговорноста испитаниците ја лоцираа исклучиво кај власта, особено кај ромските политичари кои учествуваат во неа.

3. Како најголеми пречки за образованието на Ромите беа наведени: финансиската положба, дискриминацијата, непознавањето на македонскиот јазик и родовата дискриминација. Не постоеше заеднички став околу тоа што е најголем проблем, при што сите категории беа оценети како фактори со исто влијание.

4. Сите испитаници сметаат дека постои дискриминација на Ромите во образовниот процес на сите степени. Шестмина испитаници наведоа и лични примери, кога наставници ги омаловажувале и ги дискриминирале затоа што се Роми, но беа наведени и три обратни примери кога наставниците ги стимулирале ромските ученици за натамошно школување. Како што истакна еден учесник: „Се `и должам на мојата прва учителка, која забележа дека сум добар ученик и ме убеди уште рано дека морам да завршам факултет". Беше спомната и извесна „модерна дискриминација" во високообразовните институции. Како што ја опиша еден учесник: „Не сум дискриминиран затоа што сум Ром, туку затоа што родителите не ми се значајни, битни луѓе".

5. Во однос на предметот Јазик и култура на Ромите, мислењата беа подеднакво поделени на три групи:

- Дел од учесниците сметаа дека тој не треба да се учи, бидејќи дополнително ги оптоварува учениците или „бидејќи Ромите немаат унифицирана и призната традиција и култура" (на што останатите се спротивставија).

- Според други, треба да се вградат содржини за ромската култура во други учебници, но не и посебно да се воведува таков предмет.

- Последната група смета дека идејата е добра и дека овој предмет треба да го учат сите.

6. Мнозинството учесници се на мислење дека во Македонија не треба да се воведе образовен систем со целосна настава на ромски јазик. Причините за тоа ги гледаат во можноста „да ни се случи исто што и на Албанците“. За нив непознавањето на македонскиот јазик е пречка која во таков систем би се зголемила, а не придобивка. Сметаат дека ромските политичари во желба да соберат поени прават грешка што ја форсираат оваа идеја. За еден учесник, на пример, „ова е чиста сегрегација“ и тоа не може да биде позитивно.

   За помал дел од учесниците, идејата за настава на ромски јазик е прифатлива, бидејќи само така ќе можат да се создава ромски кадар и да им се олесни образованието на ромските деца.

7. Едногласен е ставот дека стипендиите се една од најпозитивните нешта што им се случиле на Ромите, без кои бројот на образовани Роми би бил помал. Дел од учесниците не знаеја од каде се средствата за стипендии. Сите учесници беа на мислење дека стипендирањето мора да продолжи додека постојат проблемите со образованието на Ромите. Тие сметаат дека доколку нема пари од други донатори, средствата треба да ги обезбедува Владата.

8. Отворањето на средно училиште во општината Шуто Оризари, според сите учесници, носи една позитивна и повеќе негативни димензии. Како позитивна беше наведена претпоставката дека оној дел од Ромите кои не посетуваат средно училиште поради оддалеченоста ќе може да биде вклучен во образовниот процес. Од негативните елементи најмногу беше посочувана претпоставката дека ваквото училиште може да ја зголеми сегрегацијата. Како што истакна еден учесник: „Мојата придобивка од средно училиште е што се дружев и, сè уште, се дружам со други етнички групи“. Други ја оценија оваа идеја како тотална гетоизација. Беше спомнато и дека критериумите за оценување во вакво средно училиште би биле пониски што би произвело дополнителна дискриминација кај оние Роми што би продолжиле да се школуваат во високообразовните институции.

   Учесниците истакнаа дека при процената од придобивките од ова училиште не смее да се тргнува од претпоставката дека нема доволно образован ромски кадар, бидејќи има многу невработени Роми, кои стекнале дипломи во високообразовните установи.

   Заеднички беше поддржана идејата дека, можеби, е најдобро да се отвори стручно училиште кое би било единствено во Скопје и во кое би доаѓале и ученици од други општини, со што би се избегнала сегрегацијата.

9. Сите учесници го разбираат правилно поимот сегрегација.

10. Специјалните училишта не беа проблем за кој учесниците премногу размислувале. Позната им е појавата здрави деца да ги посетуваат овие училишта, што, главно, ја врзуваат за непознавањето на македонскиот јазик од страна на ромските деца, со што тие се неправедно упатувани на специјална настава. Мал дел го спомнаа и намерното симулирање на попреченост заради финансиска корист на семејствата. Не беа изложени посебни идеи за решавање на овој проблем, освен воведување на тестирање на децата на ромски јазик за да се утврди дали постои реална попреченост во развојот кај ромските деца.

## ФОКУС-ГРУПА СО СТУДЕНТИ И ВИСОКООБРАЗОВАНИ РОМИ

Фокус-групата беше одржана на 20 ноември 2014 г. во Скопје. На неа учествуваа 8 испитаници, главно, мажи, на возраст од 21 - 37 години, од кои еден е од Гостивар, а останатите од Скопје. Тројца од нив се студенти на УКИМ и не се вработени, додека едниот е новинар во приватен медиум, а другите работат во државни институции. Сите учесници се долгогодишни активисти во невладиниот сектор.

1. Во однос на документите за подобрување на положбата на Ромите, сите испитаници се изјаснија дека не се целосно запознати со стратегиите и плановите на Владата за подобрување на статусот на Ромите. Еден од учесниците веднаш го поврза ова прашање со неговото скратено право да се образува на мајчиниот јазик на Економскиот факултет. Друг испитаник одговори дека е запознат со стратегиите во МТСП (Министерство за труд и социјална политика), но смета дека, воопшто, не се прават напори да се решат социјалните случаи меѓу Ромите. Главен впечаток е дека тие се недоволно запознати, но сепак незадоволни од она што се прави.

2. Дали Ромите денес подобро живеат од пред 9 години?

   Во однос на ова прашање испитаниците се неутрални бидејќи гледаат и позитивни и негативни примери за животот на Ромите, споредено со пред девет години. Така, тие сметаат дека образованието на Ромите е многу подобро од претходно. Многу Роми се запишувале и завршувале факултет, а во таа реализација многу им помогнале стипендиите. Негативните одговори ги изедначуваат со општите проблеми во државата како невработеноста и сиромаштијата кои кај Ромите се позастапени. Едниот учесник кој е активен во НВО-секторот истакна дека невработеноста кај Ромите изнесувала над 90%. Сите учесници сметаат дека за Ромите, генерално, не е направено многу за да живеат подобро. Тука се спомнуваа примери со немање доволно доктори (гинеколози, општи доктори и стоматолози), како и други услуги во големата општина каква што е Шуто Оризари, што претставува долгогодишен проблем.

3. Како и на претходното прашање, во однос на состојбата во образованието, сите испитаници се согласни во ставот дека образованието кај Ромите е многу подобро од пред 9 години. Во овој контекст како предност беше спомнат и зголемениот процент на женски деца кои продолжуваат со образованието. Сепак, како голем проблем, испитаниците повторно ја истакнуваа невработеноста особено кај високообразованите Роми. Еден од учесниците, инаку роден во Гостивар, раскажа како локалната самоуправа постојано изјавува дека нема доволно школуван ромски кадар, додека во практиката било сосема обратно, зашто се вработувале само партиски членови. Истиот испитаник смета дека многу ретко високообразованите Роми работат во струката. Како пример го посочи сопствениот: тој по образование е наставник, а работи во Пасошкото одделение при МВР, бидејќи таму имало слободно место за член на ромска политичка партија.

4. Во однос на најголемите пречки за образованието на Ромите, како најголем проблем испитаниците го посочуваат финансискиот момент, иако со помош на стипендиите многу од децата можеле да го продолжат своето образование. Тие како олеснителен момент ги истакнуваат и бесплатните учебници. Кај учесниците преовладува ставот дека самата држава ги демотивира учениците да се школуваат, затоа што знаат дека таа не ќе може да им обезбеди вработување по нивното завршување на образованието.

5. Прашањето за предрасудите на наставниците спрема ромските ученици предизвика полемика меѓу самите испитаници. Дел од нив сметаат дека постојат предрасуди од страна на наставниците кон ромските ученици, додека другите го сметаат сосема спротивното. Така, еден од учесниците наведе пример кога бил малтретиран од наставничката бидејќи започнал љубовна врска со нејзина внука. Таа му ставала ниски оценки и на крајот му се заканила дека мора да ја прекине врската со зборовите „мојата внука нема да оди со Циган“.

   Друг испитаник даде сосема различен пример. Тој бил тепан од својот професор во средното училиште кога го мрзело да учи бидејќи го терал да постигне подобра оцена, затоа што

ја заслужувал. Овој испитаник смета дека „самите Роми не знаат да се одбранат“.

Трет учесник има мислење дека самите Роми имаат предрасуди и во одредени ситуации однапред мислат дека ќе бидат дискриминирани и мразени од околината.

Еден од испитаниците, кој има искуство како наставник, смета дека децата многу подобро се чувствуваат кога имаат наставник „еден од нив“. Самиот тој даде позитивен пример кога македонските дечиња ги одбраниле ромските пред наставничката која отворено ги дискриминирала и ги „ставила во ќош зашто смрделе“.

На крајот сите учесници се согласија дека, често, постои и позитивна дискриминација спрема Ромите, особено кога тие продолжуваат да се школуваат на повисоките степени од образование.

6. Во однос на предметот Јазик и култура на Ромите, испитаниците сметаат дека идејата тој да се воведе е одлична, но и неизводлива. Наместо тоа, сметаат дека може да биде интегрален дел од некаков предмет кој ќе ги интегрира сите националности што живеат во РМ за да може децата подобро да ги запознаат нивните култура и традиција. Сепак, мора да се истакне впечатокот дека и на ова прашање преовладуваше извесен негативен став ( „Кои сме ние, па да учат за нас“?).

7. Дали во Македонија треба да се воведе образовен систем со настава на ромски јазик?

Ова прашање ги подели ставовите на испитаниците. Генерално сите се согласни дека тоа е невозможно и може само да го опфати Шуто Оризари (само со средно образование). Еден од нив смета дека нема доволно ромски кадар особено за поспецифични предмети (физика, хемија и сл.), а и сè треба да се преведе (а и за тоа не е сигурен дали има доволно добар кадар). Еден од испитаниците спомна дека порано бил многу бунтовен и се борел за идејата да се воведе образование на ромски јазик сè додека не се шокирал со резултати од анкетата спроведена во Гостивар. Имено, на прашањето за воведување на изборен предмет Ромски јазик, од 300 анкетирани деца, само 6 одговориле дека сакаат да учат на ромски, додека останатите сакале да учат на албански јазик.

Еден од учесниците изјави дека мајчиниот јазик се учел дома, а на училиште треба да се учи јазикот каде што живееш. „Живееме во Македонија, мораме да учиме на македонски“.

8. Прашањето за стипендиите не предизвика никаква дискусија, бидејќи сите учесници беа согласни дека тие добро влијаат. На учесниците не им е сосема јасен изворот на овие средства.

9. Идејата за отворање на средно училиште во Општина Шуто Оризари ги подели испитаниците. Така, едниот учесник најстрого беше против бидејќи средното училиште во Шуто Оризари би значело и гетоизација на Ромите. „Сакам луѓето да се дружат меѓу себе, а вака ќе бидат изолирани и нема да знаат ни збор на македонски јазик“.

Друг испитаник кој ја поддржува оваа идеја смета дека поради близината на средното училиште, многу Роми ќе можат да го продолжат своето образование и да бидат писмени.

Останатите го делат мислењето дека отворање на средно училиште во Шуто Оризари претставува „меч со две острици“. Свесни се за сите аспекти на идејата, но сепак преовладуваат негативните.

10. Сите учесници се согласни дека сегрегација кон Ромите постои, а најистакнатиот учесник изјави „Ја имало, ја има и ќе ја има. Сепак од една страна ти дава мотив да си подобар, но колку и да си добар пак ќе бидеш Циган на крајот“.

Останатите се поблаги во одговорите и сметаат дека треба двојно повеќе да се трудат од другите за да се докажат.

11. .Испитаниците се запознати со специјалните училишта. Едниот од нив имал чичко кој при „здрав памет“ имал завршено специјално училиште бидејќи „го мрзело да учи повеќе, а и добивал бесплатна автобуска карта“. Другиот учесник, новинар, има работено на оваа проблематика и раскажуваше за примери кога родителите потпишуваат изјави дека нивното дете има специјални потреби. Потоа тим од дефектолози (во кој нема ниту еден што зборува ромски) лесно ја верификувале таа состојба кај децата со кои не можеле да комуницираат бидејќи, пак, овие не го знаат македонскиот јазик.

„Специјалните лица“ потоа при вработувањето добивале и специјален третман, па затоа испитаникот смета дека едноставно „сиромаштијата си го прави своето“.

Сите учесници сметаат дека овој тренд на запишување во специјални училишта претставува голем проблем кој го лоцираат кај родителите бидејќи тие се највиновни.

## ФОКУС-ГРУПА СО ГРАЃАНИ ОДРЖАНА ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Фокус групата се одржа на 15. 11. 2014 година. На фокус-групата присуствуваа 10 учесници од кои 6 мажи и 4 жени. Од нив тројца беа со завршено средно училиште, вработени во добри фирми со одлична плата, на возраст над 50 години. Еден е со основно образование и вработен, еден, сè уште, нема положено матура (на возраст од 25 години), а другиот завршил средно и моментално работи како професионален војник. Од испитаничките една е без никакво образование, друга е со завршено петто одделение, третата (на возраст од 35 г.) сега вонредно завршува средно медицинско училиште и четвртата (70 години) има завршено четврто одделение.

1. Поголемиот дел од испитаниците не се запознати со содржините на документите и стратегиите на Владата. Тие, сепак, слушнале дека има Декада на Ромите и дека таа ќе трае до 2015 година. Помал дел од испитаниците се запознати со документите и стратегиите на Владата и знаат дека тие се однесуваат на образованието, домувањето, вработувањето и здравството.

2. Кога прашањето за квалитетот на живот во споредба со пред 9 години беше поставено, сите испитаници се согласија дека Ромите денес живеат подобро од пред 10 години, но како што продолжуваше разговорот ги изнесоа своите аргументи за подоброто/полошото живеење. Подобрувањето испитаниците го гледаат, главно, во образованието и надминувањето на предрасудите дека женските деца не е потребно да се школуваат. Исто така, сметаат дека подобро живеат затоа што стануваат сè повеќе свесни оти самите треба да се потрудат нивните домови да бидат подобри и да го подобрат животниот стандард.

   **Како негативни елементи од секојдневното живеење ги сметаат:**

- Ромите со високо образование работат, главно, во невладини организации, а во државна администрација се вработуваат само необразовани Роми. Од овие причини младите образовани решаваат да ја напуштат државата и тоа сè помасовно се случува;

- вработувањето оди само преку политичките партии;
- за домувањето ништо не е направено од страна на државата;
- здравството за Ромите не функционира – во општината има само една амбуланта;
- многу семејства се без струја, постојано се под притисок од страна на нотари и на извршители и имаат блокирани сметки.

3. Сите испитаници се согласија дека состојбата во образованието е подобра и дека сега многу повеќе Роми се школуваат. За женските испитанички (од четири присутни, три немаат завршено ни основно образование) најважно е нивните деца да завршат училиште. Испитаниците сметаат дека свеста кај Ромите е подигната и дека треба многу да се вложува од страна на учениците и родителите за да има сè повеќе образовани Роми. Сметаат дека доколку има сè повеќе образовани Роми со завршен факултет (доктори, адвокати, гинеколози...) состојбата на Ромите ќе биде многу поинаква.

4. Во однос на најголемите пречки за образованието на Ромите произлегува еден генерален заклучок: дека финансиските проблеми играат клучна улога во образованието на Ромите. Испитаниците сметаат дека стипендиите кои ги добиваат ромските деца треба да ги задоволат трошоците на целото семејство (како резултат на тоа сметаат дека парите не се доволни). Како главен проблем за образованието го сметаат немањето доволно пари за храна, облека и сл.

5. За односот на наставниците спрема ромските ученици, испитаниците говореа споделувајќи ги своите искуства во времето кога се школувале. Од изнесеното може да се заклучи дека никој од нив не бил предмет на дискриминација поради тоа што е Ром.

   Во однос на моменталната ситуација тие имаа поинакво мислење. За училиштата во Општината истакнаа дека во ОУ „Браќа Рамиз и Хамид“ кон учениците подобро се однесуваат наставниците бидејќи директорката и тие под неа се Роми, но, од друга страна, истакнаа дека од тоа училиште излегуваат многу послаби деца отколку од ОУ „26 Јули“. Еден од испитаниците го даде својот пример дека основно училиште завршил со петки, а во средно не можел да добие ни двојка. Исто така, една од испитаничките го посочи примерот со нејзиното дете кое од основно училиште во Шуто Оризари со селењето продолжило да учи во училиште во населбата Лисиче. Таа спомна дека во почетокот се соочиле со некои проблеми со соучениците, но за кратко време сфатиле дека „и тој се труди и е вреден, па го прифатиле како свое другарче“.

6. Во однос на предметот Јазик и култура на Ромите“, генералниот заклучок на сите испитаници е дека треба да се воведе овој предмет. Според еден учесник, „ако ние учиме македонски и албански и ако сите можеме да учиме англиски, зошто тогаш да не учат и сите за ромската култура?“ Сепак, тие, главно, се согласија со друг учесник дека „нема потреба сите да учат ромски јазик бидејќи кај ќе ни биде крајот со сите националности“.

7. Дали во Македонија треба да се воведе образовен систем со настава на ромски јазик, е прашање во однос на кое учесниците се поделени. Едните сметаат дека би требало да се воведе, а други дека не треба бидејќи „треба сите да се научиме заедно да живееме“. Во контекст на ова прашање еден испитаник истакна дека „образованите Роми се срамат што се Роми“, што би можело да значи дека и доколку се воведе настава на ромски јазик, ромските деца, чии родители се пообразовани, нема своите деца да ги носат да учат во тие училишта.

8. Во однос на стипендиите, сите учесници имаа позитивно мислење, но потенцираа дека „добро е што добиваат, ама треба поскоро да пристигнуваат. Најчесто на децата им даваат стипендии за неколку месеци а трошоците се секојдневни, тоа е проблем“. Една испитаничка истакна дека „треба да учат нашите деца и треба сите да работиме за да не се срамат што се Роми“.

   Учесниците немаа сознанија кој, всушност, ги обезбедува средствата за стипендии.

9. Идејата за отворање средно училиште во Општина Шуто Оризари има, според учесниците, и добри и лоши страни. Како позитивни страни на оваа идеја ги сметаат близината на училиштето и можноста да има повеќе насочено образование. Како најголема негативна страна беше посочено тоа што на овој начин децата  нема да се мешаат со другите деца и нема да се дружат. Не беа спомнати критериумите за оценување.

10. Во однос на сегрегацијата кон Ромите, поимот, главно, е разбран како да е еднаков  со дискриминацијата.

    Сите испитаници се согласија дека Ромите се исклучени во општеството и наведуваа лични примери. Во продолжение следуваат дел од нивните одговори.

- „Многу е видливо. Постои категоризација“.
- „Кога те гледаат како Ром поинаку се однесуваат. Дискриминација“. „Никој не ги гледа Ромите.“
- „Постои забрана за Ромите за посета на базени, ресторани, кафеани. Сите Роми одат во Велес на базен.“
- „Дискриминирани сме за патување, со сите документи ме враќаат од граница, не можам синот да си го видам во Германија.“

11. Во однос на специјалните училишта, сите учесници знаат што се тие. Исто така, познаваат и многу од нивните соседи што одат или оделе во тие училишта. Не ги коментираа причините, но во контекст на ова прашање испитаниците истакнаа дека ромските деца се многу бистри и многу лесно се приспособуваат на околностите и дека ним им недостига само некој да ги насочи.

## ИЗВЕШТАЈ ОД ФОКУС-ГРУПА СО РОМИ ВО КУМАНОВО ОД СРЕДОРЕК

Фокус-групата се одржа на 18. 11. 2014 во Куманово. На фокус-групата учествуваа, главно,  жени со многу низок степен на образование (незавршено или завршено основно училиште). Дискусијата беше доста фрагментирана, а учесниците, често, се префрлаа од една на друга тема. Поради тоа, во овој извештај ќе бидат, главно, наведени одделните искази на учесниците, кои се, доста,  илустративни.

### 1. Документи на Владата

Учесниците не знаеја точно кои и какви документи во врска со Ромите се носеле од страна на Владата. Никогаш не слушнале за нив и, воопшто, не се запознати со нивната содржина.  Тие, главно, изјавуваа дека ако нешто слушнат во оваа насока, тоа секогаш им дава надеж дека нешто подобро ќе се случи, иако досега искуството им вели дека никогаш ништо на подобро не им се случило. „Имаме дигнато раце од надеж. Се надеваме за децата да биде подобро.“

Учесниците спомнаа дека единствено  помош понекогаш имале добиено од страна на невладините организации, кои им помогнале на Ромите кои немале никакви лични документи да ги извадат. .

### 2. Квалитет на живот

За учесниците животот е, главно, ист и изјавија дека ништо на подобро не се менува, а за повеќето од нив дури е и полошо. „Понемаштија е. На полошо иде... сѐ е поскапо. Порано, барем, поевтино беше, се издржуваше. Како покризно време да е.“

„Мажите ако работат, може да е подобро. Барем една плата да носат. И тоа не се случува, бидејќи се вработуваат партиски“.

„Кога гласаме нѐ сакаат, кога ќе заврши никаде ги нема“.

### 3. Образование

Во однос на образованието на Ромите, главно, се забележуваа ставови дека има некаква позитивна промена:

„Образованието е подобро. Ни даваат бесплатно книги. Тоа е добро. Тетратките сами си ги купуваме“.

„Мора да кажеме дека тешко ни оди учењето. Децата не разбираат што се бара, тешко пишуваат домашни. Порано имаше една невладина што ни помагаше со домашни, сега ја укинаа. Математика е најтешко“.

„Слушаме дека некои Роми добиваат и стипендии“.

### 4. Пречки во образованието

Најголеми проблеми, според учесниците, е тоа што постојат сиромаштија и недостиг од  пари.

„Се нема на детето за кифла да му дадеш. 10-20 денари ни се многу. Не е еден ден. Немаме работа, немаме редовен приход“.

„На социјала сме, ама што ќе платиш со 1500 денари. Само струјата ми е 2600 денари. Не знам како ќе се живее“.

„Има и иселувања... одиме, па доаѓаме пак назад“...

„Децата ако учат може и ќе направат нешто во животот. Подобро за нив да е. Еве, ако учат... главно е проблем што се нема... и што е сиромаштија“.

### 5. Предрасуди на наставниците

Испитаниците не гледаат предрасуди од страна на наставниците и се задоволни од нивниот однос.

„Добри се наставниците, Добро се однесуваат со децата. Ни помагаат. Задоволни сме“.

„Не сме виделе дека лошо се однесуваат со нашите деца. Децата учат во мешани паралелки, некои во обични некои во посебни паралелки“.

„Не сме виделе дека различно се однесуваат со ромските деца, никој не се пожалил“.

### 6. Јазик и култура на Ромите

Учесниците не знаат ништо за предметот Јазик и култура на Ромите. Не знаат дали треба да се учи. Ако децата им учат сакаат да учат на македонски. Не гледаат зошто другите би го учеле ромскиот јазик. Сметаат дека нешто за културата треба да има, но не и за јазикот.

### 7. Образование на ромски јазик

Сите учесници изјавија дека што се однесува до јазикот на наставата, ромскиот јазик го учат дома и, секако, дека ќе го зборуваат. Меѓутоа, според нив наставата во училиштата треба да биде на македонски јазик. Тие сметаат дека тоа е подобро за во иднина.

### 8. Стипендии

Според учесниците „сè што ќе се добие е ќар зашто треба многу да се помага. Треба да им се даваат стипендии на сите што им е потребно“. Тие сметаат дека стипендиите ги мотивираат учениците, но и им помагаат на семејствата бидејќи „тешко е да се учи, ама и да се  живее без пари“.

### 9. Средно училиште во Шуто Оризари

Учесниците немаат јасен став за средното училиште во Шуто Оризари. Мислат дека Ромите од Куманово нема да одат во тоа училиште, па не размислувале за тоа.

„Можеби ќе е полесно за Ромите што ќе одат во тоа средно училиште. Нема да прават трошоци... Само не знаеме како ќе биде“.

**10. Сегрегацијата учесниците ја сфаќаат на следниов начин:**

„ Да, живееме во лоши услови. Сите се сиромашни и одвај излегуваат накрај со парите. Ние сами се групираме поради немаштијата. Јас кога би имала пари веднаш би се иселила со семејството. На подобро. Ама треба пари за тоа, плата редовна... Вака сме казнети...“

„Хигиената е многу лоша... канализација нема... болештини... Ние сами се дискриминираме.. Вака се живее во Средорек...“

„Ако ти се погодат комшиите е добро. Но често има кавги, комшиски расправии.. ти си крив за ова“.

**11. Специјални училишта**

Испитаниците се запознати со специјалните училишта и ги искажаа следниве ставови:

„Знаеме што се специјални училишта. Тоа се посебни училишта или посебни паралелки. Наши деца одат во тие паралелки. Не сите деца, туку само тие што имаат проблеми со учење, но и со здравје. Тие што примаат лекови.. често, им се спие на школо, не можеме да ги разбудиме за на школо... па спијат на клупа.“

„Најчесто лично нѐ прашуваат дали сакаме да одат во посебни паралелки, затоа што не можат да постигнат... имаа многу единици.. па повторување на годината“.

„Ги носат децата со такси на школо.. ама тоа се од парите што им следуваат од Владата... Ама не се грижат премногу за децата. Ништо посебно не прават. Дури ги чекаме надвор кога треба да ги земеме... па ќе измрзнеме“.

„А училиштата се заникаде... клозетите се катастрофа... не секаде, ама, главно, не чини... како не знам во кој век да сме. Некои од нас биле азиланти, па виделе и подобро од ова“.

„Самите одлучивме да одат по препорака на наставничките... полесно ќе им е... Ама имаме и други деца кои одат во редовни училишта. Моите две се добри и добро учат. Едно имам во посебна паралелка. Во две различни школи, па по цел ден одам од школо до школо“.